

# УЧИМЕ ЛИ ДЕМОКРАТИЈА?

Студија за демократските вредности
во средното образование во Северна Македонија

British Embassy Skopje
UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity
WFD

# УЧИМЕ ЛИ ДЕМОКРАТИЈА?

## СТУДИЈА ЗА ДЕМОКРАТСКИТЕ ВРЕДНОСТИ ВО СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје,
2024 година

# ИМПРЕСУМ

**Проект:**
Практикувај демократија

**Издавач:**
Фондација за демократија на Вестиминстер,
Република Северна Македонија

**За издавачот:**
Дона Костуранова,
директорка во земјата за Фондација за демократија на Вестминстер

**Автор:**
Борјан Ѓузелов

**Истражувачки тим:**
Мариглен Демири
Артан Лимани

**Уредник:**
Стефани Спировска

**Лектура:**
Јасмина Алешковиќ

**Техничка обработка:**
Петар Антевски

**Тираж:**
100

**Печати:**
Дата Понс

**Место на издавање:**
Скопје

**Година на издавање:**
2024

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека “Св. Климент Охридски”, Скопје

373.5.091.214:321.7(497.7)”2023”(047.31)
373.5.035:321.7(497.7)”2023”(047.31)

ЃУЗЕЛОВ, Борјан
Учиме ли демократија? : студија за демократските вредности во средното образование во Северна Македонија / [автор Борјан Ѓузелов ; истражувачки тим Мариглен Демири, Артан Лимани]. - Скопје : Фондација за демократија на Вестминстер, 2024. - 44 стр. : илустр. ; 25 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 42-44

ISBN 978-608-4773-48-1

а) Демократија -- Наставни содржини -- Средно образование -- Македонија -- 2023 -- Истражувања

COBISS.MK-ID 64083973

Оваа анализа е подготвена во рамки на проектот „Практикувај демократија“ финансиран од Владата на Обединетото Кралство, со поддршка на Британската Амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите во оваа анализа не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската Влада.

# СОДРЖИНА

Предговор ........ 6
Извршно резиме ........ 8
Вовед ........ 9
Аналитичка рамка и методологија ........ 11
Наоди од анализата на наставните содржини ........ 14
• Социологија за втора година гимназиско образование ........ 15
• Социологија за трета година гимназиско образование ........ 18
• Социологија за четврта година гимназиско образование ........ 21
• Вовед во правото за трета година гимназиско образование ........ 24
• Право и државно уредување ........ 26
• Граѓанско образование за прва година стручно образование ........ 28
• Етика за втора година гимназиско образование ........ 30
• Филозофија за четврта година гимназиско образование ........ 32
Дополнителни наоди од интервјуата и фокус групите ........ 35
Заклучоци ........ 37
Препораки ........ 39
Библиографија ........ 42
Прилози ........ 44

# ПРЕДГОВОР

Начинот на кои младите ја разбираат, практикуваат и негуваат демократијата, е во фокусот на работата на Фондацијата за демократија на Вестминстер (ВФД) во Северна Македонија. ВФД во последните години преку својата работа со младите и институциите, како и поддршка на истражувачки и аналитички трудови, се обидува да даде поддршка на негувањето на демократските вредности и активното граѓанство кај младите. Во време кога демократијата како политички систем глобално е изложена на бројни предизвици и закани, зачувувањето на демократските вредности, грижата за улогата на граѓанинот во општеството и почитување на човековите и граѓанските права, стануваат сè порелевантни теми.

Повеќе минати истражувања ни посочуваат загрижувачки трендови кај младите генерации. Податоците укажуваат на млади лица кои се генерално незаинтересирани за социо-политичките случувања, не чувствуваат доверба ниту во институциите, ниту во самите себе да влијаат врз нив и самостојно декларираат чувство на исклученост. Но од друга страна, постојат и позитивни согледувања – младите кои преземале иницијативи за решавање на општествени проблеми, дури и без разлика на исходот околу успехот на нивната акција, покажуваат поголема мотивација повторно да бидат активни и поголемо задоволство од своето место во општеството. Во едно од последните истражувања од 2023 година, забележавме дека младите покажуваат попозитивни ставови во однос на другите возрасни групи – во поглед на степенот на демократија, репрезентативноста на демократијата во државата и институционалната доверба. Оваа доза на оптимизам е позитивен сигнал за тоа дека кај младите генерации сè уште нема толку изразена недоверба и резигнираност.

Во 2023 година, со цел да се обезбедат повеќе информации околу степенот на политичко образование во земјата, а во соработка со Претседателскиот центар за политичко образование, се изработи Анализа за политичкото образование во Северна Македонија. Заклучоците од анализата укажуваа дека според ставовите и перцепциите на младите во земјата, има јасна потреба од воведување на политичко образование. Потребна е поддршка за младите да имаат знаења и обезбедат критички вештини за разбирање на и вклучување во демократските процеси, како што постојат во други земји во Европа. Иако овие заклучоци наидоа на поддршка од стручната заедница и претставници на институциите, беше акцентирана потребата од дополнителни анализи.

Оваа нова анализа, цели да обезбеди нови информации во оваа област и јасна слика: Што се учи за демократијата во нашите средни училишта? Во кои предмети се опфаќа содржина од ваков карактер? Во која мера се застапени демократските вредности во предметите кои се учат? На кои ученици според насоката на образование им е достапна ваква содржина? Што се наоѓа во самите учебници и наставни програми?

Со оваа анализа се надеваме дека на институциите, експертите и стручната заедница, им се обезбедуваат систематизирани информации за содржините во формалното образование, кои може да се користат како појдовна точка

за унапредување на демократското образование. Анализата укажува не само на недоволна застапеност на демократски содржини, туку и присуство на застарени содржини, неточни содржини, несоодветно поткрепени содржини, па дури и тенденциозни и проблематични содржни. Истовремено и позитивно, се издвојуваат и примерите на посеопфатни учебници и наставни програми, кои може да се земат како добар патоказ за идно унапредување на програмите. Она што е јасно е дека соодветното, сеопфатно и квалитетно вклучување на демократијата и нејзините вредности во формалното образование треба да биде еден од приоритетите во образованието, и се надеваме дека оваа анализа ќе биде корисна во тој потфат.

Обезбедувањето на релевантни податоци и наоди е клучно за претставување на моменталната состојба и начинот на кој се пренесуваат демократските вредности во нашиот образовен систем. Податоците се особено важни и за унапредување на процесите на креирање на образовни политики. ВФД изразува особена благодарност до авторот на анализата, д-р Борјан Ѓузелов и истражувачкиот тим, Мариглен Демири и д-р Артан Лимани, кои посветено работеа на темата во истражувачкиот процес. ВФД се заблагодарува на Британската амбасада во Скопје поддршката на имплементацијата на проектот „Практикувај демократија" од кој оваа анализа е дел.

Дона Костуранова,
Директорка во земјата за Фондацијата
за демократија на Вестминстер
во Северна Македонија

# ИЗВРШНО РЕЗИМЕ

Во оваа студија се анализира застапеноста и начинот на кој демократските вредности се претставени во наставните содржини во средното образование во Република Северна Македонија. Студијата е заснована на анализа на наставните содржини (селектирани наставни програми и учебници), како и на десет интервјуа со професори во средните училишта и стручни лица од образовната администрација и три фокус групи со ученици. Беа анализирани осум наставни програми и учебници за шест предмети кои се изучуваат во средното гимназиско или стручно образование (социологија за втора, трета и четврта година, вовед во правото, етика, филозофија, право и државно уредување и граѓанско образование). Притоа се анализираше застапеноста на три клучни аспекти на демократијата: претставнички аспект, аспект на човековите права и институционален аспект.

**Од анализираното може да се забележи следново:**

• наставните програми и учебници се во голема мера несоодветни и застарени поради што наставниците често предаваат со помош на дополнителни наставни материјали (презентации, наставни листови, диктиран материјал и слично),

• постои делумна застапеност на содржини кои ги рефлектираат современите демократски вредности. Недостасуваат содржини кои директно ќе ги обработат демократските вредности и ќе ја објаснат значајноста на клучните демократски елементи како демократски суверенитет, слободни и фер избори, слободни медиуми, почитување на човековите права, поделба на власта и владеење на правото,

• во наставните содржини речиси и да нема содржини кои би поттикнале граѓанско или ученичко учество и има малку содржини за граѓанското општество и неговата улога во демократијата,

• во дел од учебниците постојат и примери на дискриминаторски содржини, односно содржини кои поттикнуваат предрасуди и стереотипи

• позитивен исчекор претставува наставниот материјал по предметот Граѓанско образование за прва година средно стручно образование и делумно оној по Социологија за четврта година (изборен предмет). Наставниот материјал по Граѓанско образование има целосна и квалитетна застапеност на анализираните елементи на демократијата од сите три аспекти, како и содржини кои поттикнуваат граѓанско и ученичко учество.

**Врз база на наодите, студијата ги предлага следниве препораки:**

• развивање и воведување на нова програма за средното гимназиско образование која ќе ја замени постоечката која датира од 2001 година,

• воведување на граѓанско образование како задолжителен предмет за сите ученици во средното образование,

• ревидирање на наставните содржини и подготовка на нови учебници,

• поттикнување на ученичкото и на граѓанско организирање,

• обезбедување на континуирано стручно усовршување на наставниот кадар и внесување на алтернативни методи во наставата и

• обезбедување на континуирано следење на спроведувањето на наставните содржини.

# ВОВЕД

Оваа студија ја анализира застапеноста и начинот на кој демократските вредности се претставени во наставните содржини во средното образование во Република Северна Македонија. Студијата произлегува од потребата за подетална анализа на содржините кои се однесуваат на политичкото и на граѓанското образование во земјата,[1] како и од потребата за евалуација и преосмислување на релативно застарените наставни содржини во средното образование.

Во Стратегијата за образованието за 2018-2025 е забележано дека дел од наставните планови за средно образование се преоптоварени и застарени при што се оневозможува континуиран когнитивен и социо-емоционален развој на учениците, ниту пак е овозможен интегриран пристап во изучувањето содржините. Исто така, се забележува дека наставните програми не кореспондираат со современите пристапи за настава, ниту пак со актуелните општествени процеси. За илустрација, сегашниот концепт за гимназиско образование датира од учебната 2001/2002 година па така и најголем дел од наставните програми и содржини датираат од тој период. Дополнително, во стратегијата се забележува дека дел од учебниците содржат стереотипи и предрасуди, додека пак недостасуваат содржини за интеграција, мултикултурализам и демократско учество на учениците. Како резултат на тоа во процес на донесување е нов Закон за средно образование, кој се очекува да го замени актуелниот закон кој и покрај тоа што во изминатите години бил предмет на повеќе измени кој датира од 1995 година. Со новиот закон се очекува да се воведат повеќе новини со цел да се институционализира ученичкото организирање и учество, како и да се реализираат заложбите од стратегијата кои предвидуваат ревидирање на учебниците со цел почитување на човековите права и различностите и поттикнување на демократските вредности кај учениците.

Новините во средното образование треба да бидат поттикнати и од меѓународните искуства кои укажуваат на тоа дека присуството на демократски и граѓански вредности во образовниот процес има значајна улога во современите демократии и влијае позитивно на граѓанската партиципација и степенот на политичка култура.[2] Притоа особено внимание се придава не само на пренесувањето на знаење за одредени демократски концепти (декларативно знаење), туку и на учењето низ практикување на демократијата (процедурално знаење). Исто така, забележителна е и тенденцијата за спроведување на наставата на интерактивен начин, преку дискусии за актуелни и контроверзни теми во кои учениците, низ демократска атмосфера, развиваат сопствени ставови и симултано учат и практикуваат демократија.[3]

Потребата од една ваква судија ја поткрепуваат и наодите на повеќе анализи за ставовите и вредностите кај младите каде се забележува распространетост на недемократски вредности и подложност на популистички и авторитарни влијанија. Така на пример, повеќе од две третини од младите сметаат дека на нашата земја и треба лидер со цврста рака,[4] односно дека е потребна силна партија која би претставувала обичниот народ, додека од друга страна постои

1 Дамјановски и други. 2023
2 Дамјановски и други. 2023, Torney -Putra et al. 2001, Dudley and Gitelson 2002, Schulz et al. 2018
3 Print 2012; Hess Avery 2008
4 Ѓорѓиовска, Галевски, 2020, Галевски, 2019, 2021.

значајно пониска поддршка за диктатура и насилно решавање на конфликти. Дополнително, постои релативно ниско прифаќање на различностите, па така младите покажуваат ниска толеранција кон лицата со различна етничка или сексуална определба.[5] Младите немаат доверба во државата и институциите и сметаат дека државата се движи во погрешна насока, односно дека властите не се грижат за нив и нивните потреби. Конечно, меѓу младите преовладува чувство на апатија и недоволна граѓанска активност, па така повеќе од две третини себеси се сметаат како неактивни или недоволно активни граѓани, а големо мнозинство сметаат дека не може да влијаат врз работата на властите.[6]

Паралелно на овие наоди, постои ниска медиумска писменост и подложност на лажни вести и теории на заговор. Имено, согласно со индексот на медиумска писменост кај земјите од југоисточна Европа, Република Северна Македонија е континуирано рангирана на дното и пониско од државите во регионот.[7] Како резултат на тоа меѓу општата популација, а особено кај младите помеѓу 18-29 години, преовладуваат афирмативни ставови кон теории на заговор, па така повеќе од половина од младите силно веруваат дека „светот го водат неколку моќни семејства“ и дека „пандемијата КОВИД-19 е креирана во лабораторија со цел да се контролираат луѓето“.[8]

Конечно, според последните ПИСА тестирањата од 2022,[9] Македонските ученици бележат ниски резултати во читање, математика и природни науки во споредба со нивните врсници од Европа и регионот (со исклучок на Албанија и Косово). Покрај ова, особено загрижува и значајно назадување, особено на делот на читање, во споредба со резултатите од ПИСА тестирањата во Македонија од 2018.[10]

Сето ова укажува дека потребно е реформирање на образовниот систем и обезбедување на посоодветно граѓанско и политичко образование, со цел соодветно адресирање актуелните проблеми и превенција на постоечките и идни авторитарни тенденции. Во тој контекст, оваа студија ќе обезбеди корисни наоди и препораки за подготовка на идниот концепт за средно образование, односно за нови наставни планови и програми. Студијата е базирана на анализа на наставни содржини (наставни програми и учебници), како и на интервјуа со професори и образовни експерти и фокус групи со ученици.

5 Топузовска-Латковиќ и други 2019.
6 Види: Ѓорѓиовска, Галевски, 2020, Галевски, 2019, 2021.
7 Индекс на медиумска писменост, Институт за отворено општество – Софија.
8 Близнаковски и други 2021 – податочен сет на истражувањето.
9 OECD – Programme for International Student Assessment (PISA). Достапно на: https://www.oecd.org/pisa/
10 Евросимовски, 2023.

# АНАЛИТИЧКА РАМКА И МЕТОДОЛОГИЈА

И покрај генерално јасното теоретско разбирање на тоа што е демократија и што претставуваат демократските вредности, во академската литература сепак нема едноставна дефиниција или типологија за демократските вредности. Во потесна смисла, демократските вредности може да бидат дефинирани врз база на античкото разбирање на демократијата како владеење на народот. Современото поимање на демократијата своите корени ги влече од идеалите на француската и американската револуција од 18тиот век каде се истакнати вредностите на слобода, еднаквост и солидарност, како и идеалите за граѓански слободи, права, одговорно граѓанство и ограничена власт.[11] Во поширок контекст, современите демократски општества се базираат и на поширок опсег на вредности кои ги вклучуваат универзалните човекови права, владеењето на правото и начелата за добро управување. Притоа, за потребата на ова истражување, беа дефинирани три главни аспекти на демократијата: 1) претставнички аспект на демократијата; 2) аспект на човекови права и 3) институционален аспект на демократијата.

Поспецифично, под претставнички аспект на демократијата, во студијата се подразбира идејата дека суверенитетот припаѓа на граѓаните кои го делегираат на избраните претставници преку слободни и фер избори.[12] Овој аспект ја подвлекува улогата на слободните медиуми како клучен фактор кој овозможува информирано одлучување на граѓаните, како и улогата на политички партии каде се артикулира најголем дел од политичкото организирање. Притоа за потребните на анализата, во наставните содржини се анализираше застапеноста на следниве четири основни категории: демократски суверенитет, слободни и фер избори, политички партии и слободни медиуми, а доколку беа застапени, се нотираа и други сродни елементи, како на пример концептите за легалитет и легитимитет на власта и/или локалната самоуправа.

Под аспект на човековите права, во студијата се подразбира важноста, универзалноста и неделивоста на човековите права дефинирани со Универзалната декларација за човековите права и Европската конвенција за човековите права. За потребите на оваа анализа се анализираше застапеноста на содржини поврзани со основните човекови права и слободи (од т.н. првата генерација на човекови права), како и социо-економските права и слободи (од т.н. втора генерација на човековите права), а доколку беа застапени се нотираше и присуството на содржини кои се однесуваа на колективните права од третата генерација на човекови права.

Институционалниот аспект на демократијата во студијата ги подразбира карактеристиките на демократскиот политички систем и улогата на државата и државните институции во гарантирање на претходно споменатите аспекти на демократијата (претставнички аспект и аспект на човековите права). Притоа во рамките на студијата се анализираше застапеноста на содржини за начелото за поделба на власта (на законодавна, извршна и судска), владеењето на правото, како и евентуалната застапеност на принципите за добро владеење (интегритет, транспарентност, отчетност, непристрасност, респонзивност и партиципација).[13]

11 Mansbridge, J. (2020). The evolution of political representation in liberal democracies: Concepts and practices.
12 Van Ham, K. (2020). Electoral Integrity.
13 OHCHR. What is good governance? Available at: https://shorturl.at/cpKT4

Покрај анализа на застапеноста на овие демократски аспекти, во анализата се разгледуваше и застапеноста на содржини за граѓанското општество и дали наставните содржини поттикнуваат активно граѓанско и ученичко учество? Имено, имајќи ја предвид претходно спомената апатија и недоволна граѓанска активност меѓу младите, покрај теоретското пренесување на демократските вредности, важно е да се утврди и дали образовниот процес поттикнува граѓанско учество. Ова е особено важно ако се има предвид дека, академската литература како и претходните студии за ставовите на младите во земјава укажуваат дека кај оние кои сè повеќе општествено активни постои подобра информираност, поголема увереност дека може да се влијае на околината, повисока толеранција кон различностите, како и поголемо задоволство од своето место во општеството.[14]

Во рамките на студијата во текот на јануари 2024 година, беа анализирани наставните содржини (наставни програми и учебници) по социологија, вовед во правото, етика и филозофија во гимназиско образование и граѓанско образование и право и државно уредување во стручното образование. Притоа, при анализа на наставните содржини се анализираше номиналната застапеност на содржините (има или нема содржина) и начинот на кој се застапени (директно или индиректно).

**Табела 1: Листа на анализирани предмети**

| | Прва година | Втора година | Трета година | Четврта година |
|---|---|---|---|---|
| **Гимназиско образование** | | Социологија (задолжителен предмет)<br><br>Етика (изборен предмет) | Социологија (изборен предмет)<br><br>Вовед во правото (изборен предмет) | Филозофија (задолжителен предмет)<br><br>Социологија (изборен предмет) |
| **Стручно образование (4 годишно)** | Граѓанско образование (задолжителен предмет)<br><br>Право и државно уредување (задолжителен предмет за правна и економска насока) | | | |

14 Галевски 2021.

Покрај анализата на наставните содржини, во јануари и во февруари 2024 година, беа спроведени 10 интервјуа (шест со професори во средни училишта и четири со актуелни или поранешни креатори на јавни политики во областа на образованието) и три фокус групи (две со ученици во гимназиско образование и една со ученици од стручно образование).[15] Наодите од интервјуата и фокус групите обезбедија значаен осврт на практичните аспекти при пренесувањето на демократските вредности и помогнаа во детектирањето на проблемите во наставниот процес и придонесоа кон развивањето на препораките од оваа студија.

И покрај тоа што студијата е базирана на примарни податоци добиени од анализа на наставните содржини и од спроведените интервјуа и фокус групи, истата има неколку методолошки ограничувања. Прво, не беа анализирани дополнителните наставни содржини кои професорите ги употребуваат за реализација на наставната програма, а често пати имаат главна улога во организација на часовите. Имено, во тек на истражувањето се утврди дека поради застареноста на учебниците и проблемот со дистрибуција на учебниците до учениците, постојат случаи кога дел од учениците немаат свој учебник, поради што професорите често не предаваат врз основа на учебниците, туку користат и други материјали за реализација на наставната програма. Второ методолошко ограничување произлегува од недоволно достапните податоци околу тоа кој учебник се користи во наставата во различни училишта и на различни наставни јазици. И покрај тоа што законот за учебници во основното и средното образование налага користење на еден единствен учебник по предмет, според наодите од интервјуата професорите во училиштата сè уште сами бираат по кој учебник ќе работат, онаму каде што има повеќе учебници за еден предмет, што резултира со користење различни учебници во различни училишта. Овој проблем истражувачкиот тим го адресираше преку анализирање на повеќе од еден учебник по предмет онаму каде што информациите го сугерираа тоа (пр. по предметите социологија и филозофија). Трето и последно методолошко ограничување е врзано со податоците од интервјуата и фокус групите, чиишто наоди, поради квалитативниот карактер на овие методи и релативно малиот примерок, не може да бидат генерализирани. Како резултат на ова, наодите се внимателно формулирани за да се избегне потенцијално креирање на погрешна слика кај читателот, при што е јасно назначено дека истите треба дополнително да се истражат и потврдат.

15 Повеќе информации за интервјуата и фокус групите во Прилог бр. 2.



## НАОДИ ОД АНАЛИЗАТА НА НАСТАВНИТЕ СОДРЖИНИ

Во ова поглавје ќе бидат презентирани наодите од анализата на застапеноста на демократските вредности во наставните содржини (наставни програми и учебници). Генерално, може да се утврди дека наставните програми во најголем дел од случаите се прилично застарени (најголем дел датираат од периодот 2001-2003 година) и не обезбедуваат подетални информации за наставните содржини. Дополнително, од спроведените интервјуа и фокус групи со учениците може да се утврди дека професорите покрај учебниците користат и дополнителни наставни содржини со цел да ја приближат материјата до учениците и да ја олеснат наставата. Притоа, учениците забележаа дека во пракса најчесто учат од дополнителните наставни содржини, а не од учебниците, бидејќи во училиштата има недостаток на учебници па дел од нив воопшто и не добиваат учебници во текот на учебната година. Дел од интервјуираните професори објаснија пак дека покрај нееднаквата достапност на учебниците, тие мора да користат дополнителни наставни содржини и заради застареноста на учебниците кои не ги рефлектираат современите општествени текови. Тие појаснија дека ваквите наставни содржини ги развиваат врз база на постоечките учебници, но и на дополнителна литература. Сепак, бидејќи дополнителните наставни содржини во пракса варираат од наставник до наставник, анализата на дел од нив не би придонела до градење на една општа слика за наставната содржина, ниту пак до податоци кои може да се генерализираат. Од таа причина, авторите на оваа студија се одлучија покрај анализа на наставните програми, фокусот на анализата сепак да го стават на учебниците кои и покрај тоа што само делумно се користат за спроведување на наставата, се сè уште единствената унифицирана наставна содржина во наставниот процес.

# 1. СОЦИОЛОГИЈА ЗА ВТОРА ГОДИНА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

**Наставната програма** по социологија за втора година гимназиско образование датира од 2002 година како задолжителен предмет за сите ученици во втора година гимназиско образование. Во неа има застапеност на елементите од претставничкиот аспект на демократијата како демократски суверенитет, слободни и фер избори и политички партии, но нема содржина за важноста на слободните медиуми. Во програмата нема застапеност на аспектот на човекови права и институционалниот аспект на демократијата. Исто така, во програмата нема никаква содржина за граѓанско општество или пак содржина која би поттикнала граѓанско учество. Подетален преглед на застапеноста на содржини по програми има во Анекс 1.

По предметот Социологија за втора година гимназиско образование беа анализирани два учебници:

- Социологија за II година реформирано гимназиско образование, од Гордана Трајкова - Костовска и Димитар Мирчев (2002, обновено издание 2020 година) и
- Социологија за втора година реформирано гимназиско образование од Нелко Стојановски, Милева Ѓуровска и Зоран Матевски (2002, обновено издание 2009 година).

**1.1 Анализа на учебник Социологија за II година реформирано гимназиско образование од Гордана Трајкова - Костовска и Димитар Мирчев** (2002, обновено издание 2020 година).

Во првиот анализиран учебник забележителна е солидна застапеност на содржини од **претставничкиот аспект на демократијата**. Постои директна застапеност на содржини за демократски суверенитет и политички партии и индиректна и недоволна застапеност на содржина која ќе ја појасни значајноста на слободните и фер избори и на слободните медиуми. Покрај тоа има осврт за легалитетот и легитимитет на власта, а забележително е спомнувањето на локалната самоуправа како обележје на демократската држава, а обезбеден е и значаен осврт на ЕУ како политичка заедница и нејзиното општествено-политичко и економско влијание.

Од аспект на **човековите права**, во учебникот не постои директен осврт на човековите права, туку најголем дел од содржините се индиректно покриени преку опис за социологијата како наука при што се објаснува дека социологијата подразбира дека сите луѓе се еднакви, рамноправни и уживаат еднакви права и слободи. Од друга страна постои солиден осврт на родовите аспекти на човековите права, како дефинирање на разликата меѓу полот и родот.

**Институционалниот аспект** на демократијата е покриен со директен осврт за поделбата на власта како основно начело на демократската држава, додека улогата на владеењето на правото е само делумно спомената при што не се спомнува експлицитно важноста на владеењето на правото во демократските општества. Од друга страна нема никаква застапеност за начелата на добро владеење. Во овој дел значајно е да се спомене дека во учебникот постои фактичка грешка, бидејќи се тврди дека *„Врховниот суд го избира Собранието*

*и е највисок судски орган“* (2020: 107), што не е точно, бидејќи од 2006 година па наваму, судиите на Врховниот суд се избираат од страна на Судскиот совет. Конечно, во учебникот постои мала индиректна застапеност на содржини за **граѓанска партиципација**, но нема директна содржина за важноста на граѓанското организирање во демократско општество. Во предговорот има само реченица која може да се протолкува како поттикнување акција кај учениците, но нема ништо поспецифично од тоа: *„[учебникот] можеби ќе ве охрабри послободно и порешително да преземате иницијатива за внесување на промени во вашите животи и како да дејствувате во корист на општествената заедница.“* (2020: 4).

Во учебникот не постои јасно и конзистентно референцирање. Некаде авторите се повикуваат на академски референци, но често пати одредени тврдења не се поткрепени со никаква референца. Од библиографијата може да се забележи дека најголем дел од изворите се на македонски или на српски јазик, без присуство на друга странска литература и се постари од десет години, а има и многу извори постари од 30 години сметано од годината на последното објавување на учебникот (2020). Притоа, Ентони Гиденс неколку пати е наречен американски социолог, иако Гиденс е широко познат како најзначајниот современ англиски социолог.

### 1.2. Анализа на учебник: Социологија за втора година реформирано гимназиско образование, од Нелко Стојановски, Милева Ѓуровска и Зоран Матевски (2002, обновено издание 2009 година)

Слично како и во првиот анализиран учебник, во вториот ученик само делумно е покриен **претставничкиот аспект на демократијата**, па така има индиректна застапеност на содржини за демократски суверенитет, директна застапеност на содржини за политичките партии и речиси никаква застапеност на содржина за важноста на слободните и фер избори и слободните медиуми како клучни предуслови за демократијата. Притоа демократијата е дефинирана *„како постоење на политичка еднаквост меѓу луѓето што се искажува преку синтагмата владеење на народот“, односно како „општествен систем во кој граѓаните ги избираат претставниците на власта, вршат контрола на нивната работа и имаат право да ги сменат носителите на власта“ (2009: 98). Понатаму авторите објаснуваат дека „демократијата денес претставува еден занес и сон на луѓето“, додека „нејзиното практично функционирање и натаму е полно се неизвесност и несигурност“* (2009: 98).

Од аспект на **човековите права**, во учебникот директно се цитирани слободите и правата согласно со Уставот, па така постои солидна, директна застапеност на основните политички и граѓански права и слободи (од првата генерација), на социо-економските и културни права (од втората генерација), па дури и на колективните права од третата генерација човекови права кои се застапени во уставот како права на етничките заедници. Од друга страна, недостасуваат повеќе информации за универзалноста и неделивоста на човековите права, како и информации за Универзалната декларација за човекови права и другите меѓународни документи.

Понатаму, во учебникот има солиден осврт на различните форми на дискриминација кои произлегуваат од социјалните нееднаквости, иако и самиот учебник, репродуцира одредени дискриминаторски содржини. Така на пример, во лекцијата за девијантно однесување[16] хомосексуалноста е дефинирана како девијантно однесување набројана како дел од слични девијантни појави како криминалот, алкохолизмот, наркоманијата, проституцијата, самоубиствата и коцкањето. Понатаму, во делот каде што се дискутира криминалитетот, користејќи национални статистички податоци од 1973 и 1982 година, авторите објаснуваат дека жените сѐ помалку склони на криминал од мажите, при што објаснуваат дека меѓу кривичните дела кои жените во помал обем ги извршуваат се и кривичните дела прељуба и недозволен абортус. Понатаму, авторите објаснуваат дека причините за различното учество на жените во криминалитет е, бидејќи *„Ако е жената затворена во домот и нема никакви јавни улоги, таа нема можност да прави кривични дела. Жената на тој начин е заштитена од многу комуникации, одговорности, ангажмани, натпревари, конфликти и е упатена да се грижи за семејството, а со тоа помалку е изложена на влијанието на објективните криминогени фактори“* (2009:63). Со ова се репродуцираат предрасуди базирани на застарени сфаќања за општеството, кои не само што не се дел од современата општествена наука, туку се и фактични неточни, бидејќи денес во македонскиот правен систем не постојат кривичните дела прељуба или недозволен абортус кои се споменати во учебникот.

Во однос на содржини за **институционалниот аспект** на демократијата, за разлика од претходниот учебник за втора година, во овој учебник нема содржина за категориите поделбата на власта, владеењето на правото или пак начелата на добро владеење.

Исто така, во учебникот има многу малку содржина за **граѓанска партиципација**, која се однесува на општествените движења и не ја истакнува значајноста на граѓанското општество и граѓанското учество за постоењето на функционална демократија. Исто така, во учебникот нема содржина која би поттикнала одредена граѓанска акција кај учениците.

Од технички аспект, постои лошо и неконзистентно **референцирање**, при што на крајот на учебникот нема библиографија и читателот нема преглед на литературата и не може да се информира околу дополнителна литература доколку е заинтересиран. Учебникот е исполнет со неразбирливо многу застарени статистички податоци кои релативно лесно можеле да бидат заменети понови и поточни податоци, бидејќи таквите податоци се релативно лесно достапни. На пример, иако анализираното издание од учебникот датира од 2009 година, структурата на население според етничка припадност е од 1994 година (а не од пописот 2002 година), податоците за вработеноста се од 1999 година и податоци за верската припадност на населението во светот од 1993 година.

16 Според авторите „девијантно однесување претставува секое човечко однесување што отстапува во значителна мера, односно ги прекршува општествените норми на една заедница и предизвикува општествена реакција на неодобрување“ (2009: 60).

# 2. СОЦИОЛОГИЈА ЗА ТРЕТА ГОДИНА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

**Наставната програма** по социологија за трета година гимназиско образование датира од 2002 година и е наменета за учениците кои избрале да следат настава во насоката општествено хуманистичко подрачје во А и Б насока. Во програмата постои застапеност на елементите од претставничкиот аспектна демократијата како демократски суверенитет, слободни и фер избори, политички партии и слободни медиуми, но нема никаква застапеност на преостанатите два аспекти (човекови права и институции), ниту пак на содржини за граѓанско учество. Исто така, постои значајно преклопување со претходно анализираната наставна програма за втора година. Најголем дел од содржините во наставната програма за трета година се веќе значително обработени во програмата од втора година, а ова особено е изразено во однос на содржините кои имаат допирна точка со демократски вредности кои се предмет на истражување во оваа студија.

По предметот Социологија за трета година гимназиско образование, беа анализирани два учебници:

- Социологија за III година реформирано гимназиско образование од Ксенофон Угриновски и Трајан Крстевски (2004, дополнето издание 2020) и
- Социологија за трета година реформирано гимназиско образование од Нелко Стојаноски, Милева Ѓуровска и Зоран Матевски (2004 година).

### 2.1 Анализа на учебник: Социологија за III година реформирано гимназиско образование од Ксенофон Угриновски и Трајан Крстевски (2004, дополнето издание 2020).

Во учебникот има директна застапеност на содржини за **претставничкиот аспект на демократијата** кои го објаснуваат демократскиот суверенитет и улогата на политичките партии, а индиректно се застапени и содржини за важноста на слободните и фер избори и слободните медиумите. Исто така, како еден од клучните предуслови за постоење на демократско општество е акцентирана потребата од социо-економска стабилност, како и можноста демократски избраните водачи да бидат заменети доколку не ги задоволуваат потребите на населението или доколку го загубат демократскиот легитимитет.

Анализирајќи ја застапеноста на аспектот на **човековите права**, може да се забележи дека во учебникот се истакнува дека централен поим на демократијата се човековите права, чијашто заштита е една од основните улоги на државата. Притоа, постои директен осврт на политичките права и слободни како и на социјалните права од втората генерација на човекови права. Од друга страна во учебникот нема содржина која би ја истакнала универзалност и неделивоста на човековите права, како и поспецифична содржина за важноста на меѓународните конвенции за човекови права. Исто така, учебникот има дискриминаторски содржини кон ЛГБТ популацијата при што се вели дека *„[в]о модерниот западен говор машките хомосексуалци се означуваат како „педери“, а женските како „лезбијки“. Се повеќе во медиумите се употребува еуфемизмот „лице со различна сексуална ориентација“*“ (2020: 84). Исто така, организирањето на Паради на гордоста е спомнато во тенденциозен и негативен контекст без притоа да се објасни идејата зад нивното постоење. За оваа контроверзна содржина во 2021 година, Комисијата

за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД), донесе мислење со кое се утврдува продолжено и повеќекратно вознемирување врз основа на род, сексуална ориентација, родов идентитет, социјално потекло и припадност на маргинализирана група.[17] Согласно со ова мислење, КСЗД препорача Министерството за образование и наука (МОН), најдоцна во рок од 6 месеци да го повлече од употреба овој учебник, а авторите да извршат ревизија на спорните делови од учебникот. И покрај ваквата препорака, нашите сознанија се дека учебникот сѐ уште се користи барем во една скопска гимназија, па останува нејасно дали и како МОН постапило по соодветната препорака, односно дали училиштата престанале да го користат спорниот учебник.

Во учебникот нема доволна застапеност на **институционалните аспекти** на демократијата, па така нема содржина за владеењето на правото или пак за начелата на добро владеење, а има само кратко, индиректно споменување на начелото за поделба на власта.

Конечно, во учебникот нема директна застапеност на содржини за **граѓанско учество** или пак за важноста на граѓанското општество за демократијата, а нема ниту елемент за поттикнување на акција кај учениците освен во предговорот каде што авторите велат дека (парафразирано) *„учебникот треба да им овозможи на учениците да го формираат своето социјално битие за да не бидат пасивни набљудувачи на она што се случува туку активни чинители во општественото живеење“* (2020: 2).

Анализираната верзија од учебникот (2020 година, електронско издание достапно на страницата учебници на Биро за развој на образованието) изобилува со печатни грешки и грешки во преломот. **Референцирањето** е штуро и некомплетно, а од библиографијата се забележува дека најголем дел од изворите се постари од 10 години и се на македонски или на српски јазик без присуство на друга странска литература. Исто така, дел од статистичките информации се стари и нерелевантни, на пример има податок за распространетоста на сиромаштијата во Англија во 1987 година.

### 2.2. Анализа на учебник: Социологија за трета година реформирано гимназиско образование од Нелко Стојаноски, Милева Ѓуровска и Зоран Матевски (2004 година).

Во учебникот има многу мала застапеност на содржини кои го рефлектираат **претставничкиот аспект на демократијата**, при што демократскиот суверенитет, слободните и фер избори и улогата на слободните медиуми се само индиректно спомнати, додека постои подиректна застапеност на содржини за политичките партии. Притоа акцентот е ставен на тоа дека демократијата како принцип врз кој се организираат современите општества претставува тенденција на приближување кон еднаквоста, односно дека сите луѓе се еднакви пред законот.

Понатаму, либералната демократија е дефинирана низ призмата на **човековите права**, односно правата на поединецот *„да ги остварува своите граѓански слободи на економско, политичко и културно поле во рамките на цивилното општество“* (2004: 149). Притоа се директно се истакнува значењето на

17 За повеќе детали види: Мислење на КЗСД по претставка бр. 0801-172/13 од 23.12.2021. Достапно на: https://kszd.mk/wp-content/uploads/2022/01/0801-172-%D0%BE%D0%B4-23.12.21-Se-utvrduva-voznemiruvanje.pdf

основните политички права и слободни, а социо-економските права се само индиректно споменати во делот каде што се обработува државата на благосостојба. Нема содржини за универзалниот и неделив карактер на човековите права.

Нема речиси никаква застапеност на содржини кои го рефлектираат **институционалниот аспект** на демократијата, како што се поделбата на власта, владеењето на правото или пак начелата за добро владеење.

Во учебникот има содржина за **граѓанското општество** и неговата значајност за демократијата, но нема содржини или вежби кои би поттикнале граѓанска акција кај учениците.

Во учебникот нема **референцирање**, нема библиографија и има пасуси кои се речиси директно преземени од учебникот од втора година каде се обработуваат исти содржини. Исто така, се користат застарени податоци дури и за времето на издавање на учебникот (2004 година), па така на пример во делот за демографска структура на Македонија, нема податоци од пописот од 2002 година, туку последните податоци се од 1994 година.



## 3. СОЦИОЛОГИЈА ЗА ЧЕТВРТА ГОДИНА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

**Наставната програма** за Социологија за четврта година гимназиско образование (изборен предмет) датира од 2002 година и за разлика од претходните две наставни програми (за втора и трета година) изобилува со содржини значајни за демократските вредности. Постои застапеност на повеќе елементи од претставничкиот аспект на демократијата, како што се демократскиот суверенитет, слободните и фер избори, политичките партии и слободните медиуми. Дополнително, овие категории се објаснети еволутивно низ призма на развојот на општествените науки и клучните либерални автори како Томас Хобс и Џон Лок, но и автори како Фридрих Хаек, Роберт Нозик, Пјер Бурдие и Јирген Хабермас. Исто така, аспектот на човекови права е солидно застапен, при што има содржини и за универзалниот и неделив карактер на човековите права и за меѓународните конвенции кои најчесно се изоставени од другите наставни содржини, а има и солидна застапеност на содржини од институционалниот аспект на демократијата како поделба на власта и владеење на правото. Конечно во програмата постои застапеност на содржина за граѓанското општество. Иако, оваа програма е една од најкомплетните од аспект на демократски вредности, за жал наставниот предмет социологија за четврта година е изборен и го слушаат само мал број на ученици од општествено-хуманистичкото подрачје, комбинација Б, кое во голем број на гимназии и воопшто не е застапено, а и во случаи кога е застапено, го бираат исклучително мал број на ученици.

По предметот Социологија за трета година гимназиско образование беа анализирани два учебника:

- Социологија за четврта година за реформирано гимназиско образование од Нелко Стојаноски, Зоран Матевски и Ксенофон Угриновски (2005) и
- Социологија за четврта година реформирано гимназиско образование од Ило Трајковски, Трајан Крстески и Зоран Петрушевски (2005).

### 3.1. Анализа на учебник: Социологија за четврта година за реформирано гимназиско образование од Нелко Стојаноски, Зоран Матевски и Ксенофон Угриновски (2005).

Согласно со наставната програма, во учебникот постои директна и солидна застапеност на содржините од **претставничкиот аспект на демократијата** како демократски суверенитет, слободни и фер избори, повеќепартиски систем и слободни медиуми.

Понатаму, има и детална обработка на содржините за **човекови права**, при што се обработени основните граѓански и политички права, социо-економските и културни права, а има и осврт на третата генерација на колективни права. Исто така, постои осврт на универзалниот и неделив карактер на човековите права, како и на повеќе меѓународни декларации и договори кои ги гарантираат човековите права и слободи. Конечно, во учебникот е покриена и работата на Европскиот суд за човекови права, кој на пример воопшто не е ниту спомнат во учебниците за Вовед во правото кој ќе биде понатаму анализиран.

Слично како во претходно анализираните аспекти, учебникот нуди директна застапеност на содржини од **институционалниот аспект** на демократијата

како што се начелата за поделбата на власта и владеењето на правото, при што учениците може солидно да се запознаат со овие концепти и нивната значајност за современите демократии. Од друга страна, нема содржини за начелата на добро владеење.

Постои детално и релативно квалитетно покривање на тематиката на **граѓанско општество**, при што особен акцент е ставен на граѓанското заедништво и содружништво. Од друга страна, во учебникот нема содржина или практична вежба која би поттикнала граѓанска акција кај учениците. Во овој дел авторите даваат и критички осврт на граѓанското општество во Македонија (во 2004 година) и објаснуваат дека граѓанскиот активизам често се сведува на работата на невладините организации, кои тие ја карактеризираат како *„елитистичка конструкција на граѓански општество која не ги допира обичните луѓе“* (2004:26). Тие понатаму објаснуваат дека без стабилна и силна средна класа, нема реална основа за поттикнување на добротворство, а со тоа и на пошироко граѓанско организирање. Иако ваквиот критички осврт е корисен, авторите понатаму констатираат дека *„Македонија е преплавена денес од најразлични невладини организации за кои сметаат некои дека, меѓу другото, перат големи суми на пари“* (2004: 24). Ваквата констатација е паушална и не е поткрепена со соодветен доказ или референца, туку се потпира на застарен и непотврден стереотип за невладините организации. За жал, овој пример е само еден од многуте во анализираните учебници, каде авторите наместо да ги поткрепат наставните содржини со соодветни академски референци и податоци, истите ги базираат на субјективни мислења и предрасуди, па така учебниците наместо да ги рушат, дополнително ги поттикнуваат стереотипите како „научно прифатени“ вистини.

Од технички аспект, во учебникот нема директно референцирање, има кратка библиографија во кој најголем дел од изворите се не постари од 10 години. Изворите се на македонски и на српски јазик без присуство на друга странска литература.

### 3.2. Анализа на учебник: Социологија за четврта година реформирано гимназиско образование од Ило Трајковски, Трајан Крстески и Зоран Петрушевски (2005).

Учебникот обезбедува директен и квалитетен осврт на содржините од **претставничкиот аспект на демократијата** како демократски суверенитет, повеќепартиски, слободни и фер избори и политички партии. Покрај тоа, има и солидна содржина која ја објаснува значајноста на слободни медиуми во креирањето на критичка јавност и формирањето на јавното мислење. Исто така, авторите го спомнуваат и процесот на децентрализација како демократска алатка за поголема вклученост на граѓаните во одлучувањето од која, барем во период на објавувањето на учебникот (2005 г.) се очекувало и надминување на проблемот со партизација на државата.

Во учебникот постои директна и квалитетна застапеност на содржини за **човековите права**, односно за личните права и слободни, политички права и слободни, како и за социо-економските и културни права и универзалниот и неделив карактер на човековите права. Освен тоа, согласно со наставната програма, споменати се универзалните декларации за човекови права, а

има и солиден осврт на човековите права дефинирани во националниот устав. Конечно, во учебникот е објаснет и концептот на афирмативна акција (позитивна дискриминација), како алатка за заштита на човековите права и обезбедување на еднаквост во општествата.

**Институционалниот аспект** на демократијата е, исто така, солидно претставен, па така постои директна застапеност на содржини за поделба на власта и владеењето на правото, при што детално е објаснета значајноста на овие концепти за демократските општества. Од друга страна, во учебникот нема никаква застапеност на начелата на добро владеење.

Во учебникот има директна и квалитетна застапеност на содржини за **граѓанското општество**, а се дискутира и концептот на „граѓанственост“ (civicness), како еден од клучните фактори за демократско владеење базирано на активно граѓанство.

После секоја тематска целина има листа на дополнителна **литература**. Има квалитетна библиографија, при што најголем дел од користената литература е на македонски и на српско-хрватски јазик, но забележително е присуството на многу странски автори.



# 4. ВОВЕД ВО ПРАВОТО ЗА ТРЕТА ГОДИНА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

**Наставната програма** по вовед во правото за трета година гимназиско образование датира од 2003 година и е наменета за учениците кои избрале да следат настава во насоката општествено хуманистичко А. Во наставната програма нема речиси никаква застапеност на претходно идентификуваните три аспекти на демократија (претставнички аспект, аспект на човекови права и институционален аспект) со исклучок на беглото споменување на владеењето на правото и правната држава како клучни концепти за демократската држава. Исто така, во програмата нема никаква содржина за граѓанско учество или пак граѓанско општество. За овој предмет беше анализиран единствениот достапен учебник: Вовед во правото за трета година гимназиско образование од Димитар Бајалџиев, Миодраг Мицајков и Добринка Тасковска од издание од 2009 година.

**4.1 Анализа на учебник: Вовед во правото за трета година гимназиско образование од Димитар Бајалџиев, Миодраг Мицајков и Добринка Тасковска** (2009).

Во учебникот постои солидна застапеност на **претставничкиот аспект на демократијата**, особено на содржините за демократски суверенитет и потребата за слободни и фер избори, кои се директно застапени, додека пак улогата на политичките партии е индиректно застапена. Од друга страна, нема никаква застапеност за содржини кои би ја истакнале улогата на слободните медиуми.

Од друга страна, во учебникот нема речиси никаков осврт за **човековите права**, ниту пак за нивната универзалност и неделивост или пак за универзалната декларација за човекови права. Доколку ученикот учи само од овој учебник, на ниедна од 300-те страници нема да може да најде поспецифична содржина за основните правата и слободите на човекот и граѓанинот, или пак, вредностите како слобода, еднаквост, недискриминација, родова еднаквост, толеранција, правда, одговорност, ниту пак за историскиот развој на човековите права или постоечките меѓународни прописи за заштита на човековите права. На пример, дури ни во делот на извори на правото дури не се споменати меѓународните конвенции за заштита на човековите права, кои се значаен извор на правото во државите кои ги имаат ратификувано, вклучително и за македонската јурисдикција.

Понатаму, во учебникот има директна застапеност на **институционалните аспекти** на демократијата, особено на начелата за поделба на власта и концептот на владеење на правото и правна држава, но нема никаква застапеност на начелата за добро владеење. Исто така, загрижува фактот што во учебникот има застарени и неточни податоци. На пример, иако анализираното издание на учебникот е од 2009 година, во лекцијата за правосудство не се рефлектирани крупните законски измени направени во 2006 година, па така во учебникот се презентирани застарени и неточни информации за начинот на избор и разрешување на судиите и јавните обвинители. Исто така, во делот за функционирање на Владата, истакнато е дека согласно со Уставот од 1991 година, Владата ја чинат 21 министерства, вклучително и Министерство за иселеништво, Министерство за млади и спорт или пак Министерство за

информации. Ова е неточно, бидејќи бројот на министерства не е предвиден никаде во Уставот, ниту пак ваквиот состав од 21 министерства прикажан во учебникот е некаква востановена пракса, туку овие информации се однесуваат состав на Владата кој постоел меѓу 1998 и 2002 година.

Понатаму во учебникот има директен осврт за **граѓанското општество** како составен дел од демократското уредување, но нема никаква содржина која би ги поттикнала учениците да бидат демократски активни граѓани кои активно учествуваат во граѓанскиот живот.

Учебникот опфаќа преобемен материјал кој е оптоварувачки за читање дури и за високо образовани професионалци во делот на правните и општествените науки. Според интервјуираната професорка по овој предмет, заради овие слабости, учениците се соочуваат со потешкотии во совладување на материјата. Поради тоа таа го приспособува материјалот и внесува примери од пракса за да ги приближи наставните содржини и да им олесни на учениците. Исто така, во учебникот постојат и анахрони формулации и класификации кои не соодветствуваат со современата правна и политичка литература. На пример, во делот за „политички, бирократски и идеолошки органи" се опишува некаков наводен „идеолошки апарат на државата" кој според авторите го сочинуваат државните образовни и културни институции, државната радио-телевизија и издавачките и новинарските куќи во сопственост на државата, кои наведуваат дека преку ваквите установи *„државата на многу ефикасен и најбезболен начин ја извршува функцијата на социјализација и идеолошка индоктринација на населението"* (2009: 146).

Во учебникот нема никакво **референцирање** на други автори, ниту пак библиографија на користени извори, па не може да се направи никаква анализа за користените извори на литература, односно дали авторите користеле странска литература или литература не постара од 10 години од времето на објавување на учебникот. Содржината на учебникот е речиси целосно преземена од учебникот за прва година правни студии, Вовед во правото (2009) од истиот автор (Димитар Бајалџиев во соработка со Миодраг Мицајков и Добринка Тасковска). Имено, иако распоредот на содржините е делумно реорганизиран, почетоците на речиси сите поглавја се идентични (а некаде и цели поглавја), при што во средношколскиот учебник има изоставање на одредени пасуси со подетални содржини. Од друга страна, речиси и да нема посебно напишана (скроена) содржина за потребите на средношколците. Исклучок од ова, односно единствена нова и оригинална содржина се графичките прикази во кои се сумирани одредени класификации и поделби кои се претходно наративно објаснети.

# 5. ПРАВО И ДРЖАВНО УРЕДУВАЊЕ

**Наставната програма** по наставниот предмет Право и државно уредување за прва година средно образование од Економско-правна и трговска струка датира од 2019 година. Во програмата постои делумна застапеност на елементите од претставничкиот аспект на демократијата, па така има содржина за демократски суверенитет и избори, но нема содржина за политички партии и слободни медиуми. Од друга страна, во програмата нема никакво споменување на човековите права, додека елементите од институционалниот аспект на демократијата се подобро застапени, па има содржини за поделба на власта и владеењето на правото, но нема содржина за принципите на добро владеење. Во програмата нема содржини за граѓанско општество или пак за поттикнување на граѓанско учество. За овој предмет беше анализиран учебникот Право и државно уредување за прва година на средното стручно образование од Радмила Куцуловска, Викторија Сотироска и Владимир Грнчаревски објавен во 2021 година.

**5.1. Анализа на учебник: Право и државно уредување за прва година на средното стручно образование, од Радмила Куцуловска, Викторија Сотироска и Владимир Грнчаревски** (2021).

Во учебникот само делумно и индиректно се застапени основните белези на **претставничкиот аспект на демократијата** во делот на демократски суверенитет, слободни и фер избори и политички плурализам, односно постоење на повеќе политички партии, додека нема никаков осврт на важноста и улогата на слободните медиуми. Значајно е да се спомене дека во објаснувањето на демократскиот суверенитет, авторите ставаат акцент на владеењето на мнозинството без притоа да ги спомнат немнозинските права и интереси: *„Власта во демократијата ја добива својата моќ од мандатот што ѝ го даваат граѓаните. Власта се остварува во име на народот и во интерес на мнозинството народ. Народот учествува во одлучувањето за државните работи.“* (2021:74). Дополнително, иако се претставени повеќе теории за настанување на државата (теорија на сила, теорија на договор, класна теорија), кои сугерираат плурализам во теориите и непостоење на научен консензус во нејзиното дефинирање, авторите потоа ја изведуваат следнава дефиниција за државата: *„Покрај различните термини и дефиниции за државата, сите доаѓаат до исто сознание - дека државата е класна и општествена категорија која располага со апарат на физичка принуда.”* (2021: 28). Ваквата формулација е неточна и делумно застарена, бидејќи во современата политичка наука не постои научен консензус околу класниот карактер на државата.

Иако учебникот се вика Право и државно уредување и има за цел да обработи содржини поврзани со правото, при што истиот е релативно нов и е издаден во 2021 година, речиси и да нема содржина која ги обработува и објаснува **човековите права**. Човековите права, како клучен збор се единствено спомнати во делот на заеднички карактеристики на демократските политички системи каде што е истакнато дека *„Се почитуваат и се гарантираат човековите права.* (2021: 74, 75) *Сите се еднакви пред законот“* (2021: 74) и дека *„Постои слобода на мисла“* (2021: 75) при што нема подетално објаснување што тоа навистина значи во пракса. Исто така, нема никакво спомнување на клучните меѓународни

конвенции за заштита на човековите права при чијашто ратификација е секоја држава се обврзува на почитување на човековите права.

Во однос на **институционалниот аспект** на демократијата, може да се забележи соодветна и директна застапеност на начелото за поделба на власта и важноста на ограничената власт во демократските системи. Исто така, има директен, но релативно краток осврт на концептот на владеење на правото каде што е истакнато дека „Владеењето на правото е директно поврзано со контрола на носителите на власта, кои мора да бидат одговорни и секоја повреда на правото од нивна страна неминовно треба да биде санкционирана.“ (2021: 186), како и дека тоа подразбира „еднаквост на сите пред законите“ (2021: 187) и универзална судска заштита. Од друга страна, нема никаков осврт на начелата на добро владеење.

Во учебникот нема содржини за **граѓанско општество**, ниту пак за поттикнување граѓанска акција кај учениците.

Во учебникот има коректно и конзистентно **референцирање** и уредна библиографија. Користењето на меѓународни извори се сведува на извори на српски јазик, без ниедна референца преземена од англиски или друг странски автор. Голем дел од изворите се постари од 10 години, а има и извори од книги напишани во 80-тите години од минатиот век, што значи дека се користеле 40 години стари извори.



# 6. ГРАЃАНСКО ОБРАЗОВАНИЕ ЗА ПРВА ГОДИНА СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ

## 6.1. Граѓанско образование за средно стручно образование - Водич за наставници (2021)

Во отсуство на учебник за граѓанско образование, беше анализиран водичот за наставници, подготвен од група автори и поддржан од Македонскиот центар за граѓанско образование и УСАИД, во кој обезбедени се детални насоки за професорите како да се спроведува програмата за граѓанско образование. Иако не е учебник во класична смисла, водичот изобилува со квалитетни содржини кои во целост и директно ги покриваат сите претходно зацртани елементи на демократските вредности од сите три анализирани аспекти (претставнички аспект, аспект на човекови права и институционален аспект).

**Претставничкиот аспект на демократијата** е директно застапен во содржината на водичот каде јасно се обработени елементите на демократски суверенитет, слободните и фер избори, повеќепартискиот систем, како и улогата на слободните медиуми која во најголем дел од другите наставни содржини е занемарена. Покрај улогата на слободните медиуми, во водичот има и современи содржини за новинарските принципи на објективност, вистинитост, етичност и независност, како и содржини за медиумската писменост и ризиците од медиумска цензура и автоцензура. Ова се прилично релевантни концепти за разбирање на современите предизвици со кои се соочуваат медиумите, а со тоа и демократските општества во целост. Конечно, во водичот на детален но прилично едноставен начин се обработуваат и содржини поврзани со децентрализацијата и локалната самоуправа.

Од аспект на **човекови права**, водичот обезбедува и најдобар осврт на човековите права кои се детално обработени. Така на пример, има квалитетно покривање и дистинкција меѓу основните граѓански и политичките слободи и права од првата генерација на човековите права и економските, социјалните и културните права. Дополнително, водичот на повеќе места се повикува на Универзалната декларација за човекови права како извор на правото и едноставно ги објаснува концептите на универзалност, неотуѓивост, неделивост и апсолутност на човековите права. Конечно, водичот се осврнува на важноста за социјална правда и родова еднаквост, содржини кои се многу помалку застапени во другите анализирани наставни програми и учебници.

Анализирајќи ја застапеноста на содржини од **институционалниот аспект** на демократијата, може да се забележи директна и детална застапеност на начелата за поделба на власта и владеење на правото, како и на принципите на добро владеење кои не се застапени во другите наставни содржини. Така на пример, во водичот се истакнува значењето на транспарентна и отчетна влада како и на тоа дека *„Секој граѓанин може да ја критикува Владата и/или да побара објаснување за донесените одлуки. Владата одговара на прашањата и на барањата на граѓаните“* (2021: 284). Исто така, има посебен осврт за проблемот со корупцијата и преку лесно разбирливи дефиниции и примери се обработени и посебните форми на корупција како судирот на интереси, поткупот, непотизмот, фаворитизмот и политичкиот клиентелизам. Дополнително водичот ја објаснува негативната поврзаност меѓу човековите

права и корупцијата: *„Корупцијата влијае на способноста на државата да ги заштитува човековите права и да ги исполнува своите обврски, особено за обезбедување функционално судство и фер судење, полиција, здравство, образование и социјални услуги итн.“* (2021: 335). Конечно во водичот се обработени и вредностите на ЕУ и потенцијалните придобивки за земјите-кандидатки како Република Северна Македонија од членството во ЕУ.

Содржините кои се однесуваат на **граѓанска партиципација** се, исто така, квалитетно застапени. Постои директна и квалитетна обработка на концептот на граѓанско општество како и на важноста на граѓанското здружување, застапување и волонтерство, како и важноста на граѓанските здруженија и фондации. Понатаму, содржината изобилува со практични вежби кои поттикнуваат граѓанско учество и содржини кои ја подигаат граѓанската свест за одржлив развој, заштита на животната средина и градењето на одговорни навики.

За разлика од другите наставни содржини кои речиси воопшто не ја обработуваат проблематиката за **граѓанска вклученост** на училишно ниво, водичот обезбедува директен осврт за тоа: *Во рамките на училиштето, учениците индивидуално или организирано - преку средношколската организација можат да предложуваат ученички иницијативи до раководството на училиштето. Секој ученик има право да поднесе соодветно барање со предлог-иницијатива која може да се однесува на различни ученички активности, подобрување на условите во училиштето и слично. Секое училиште треба да се стреми неговите ученици да придонесуваат со своето мислење и да влијаат врз донесувањето одлуки“* (2021: 319). Исто така, водичот ја истакнува важноста на средношколското организирање преку претставнички тела (средношколски организации) и укажува дека училиштата треба да ја стимулираат вклученоста на учениците во процесот на донесување на одлуки.

Во водичот нема директно **референцирање**, но има солидна библиографија со многу меѓународни извори и извори на англиски јазик. Повеќе од половина од изворите се не постари од 10 години.

# 6. ЕТИКА ЗА ВТОРА ГОДИНА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

Наставната програма за предметот етика за втора година гимназиско образование (изборен предмет за сите образовни подрачја) датира од 2002 година. Во програмата речиси и да нема спомнување на содржини кои се однесуваат на анализираните три аспекти на демократијата (претставнички аспект, аспект на човекови права и институционален аспект) со исклучок на индиректното споменување на основните човекови права. За овој предмет беше анализиран учебникот Етика за II година гимназиско образование од Кирил Темков од 2004 година.

**7.1. Анализа на учебник: Етика за II година гимназиско образование од Кирил Темков** (2004).

Учебникот е главно фокусиран на етичките проблеми поврзани со етиката како дисциплина и предизвиците со коишто таа се соочува. Во учебникот нема застапеност на ниту еден од елементите од **претставничкиот аспект на демократијата** (демократски суверенитет, избори, политички партии, слободни медиуми и др.) Од друга страна, учебникот обезбедува еден поопшт опис на демократијата како *„еднаквост на луѓето, нивна независност во погледите за општеството, нивната слобода на живеење, дејствување и на решавање на сите прашања, па и на општествените“*(2004: 277). Според учебникот, поимот на демократијата *„произлегува од граѓанскиот живот и етика“* (2004:277).

Во учебникот има една интегрална лекција посветена на **човековите права**, насловена како „права на човекот“ (2004:289), при што е даден осврт на основните човекови права и слободи. Во оваа лекција, авторот се обидува да направи линк меѓу етиката како домен кој го афирмира моралот кој се спротивставува *„дискриминацијата, неслободата, ропството, обесправувањето, нерамноправните, подреденоста и надреденоста“* (2004: 289) и важноста на човековите права во афирмативна смисла како средство, но и цел за надминување на овие негативни вредности и појави. Појавувањето на концептите за еднаквост, авторот на учебникот историски го лоцира во „прочуената парола на Француската револуција од 1789 година: „слобода, еднаквост, братство“ (2004: 289) Дополнително, авторот се осврнува и на Декларацијата за човековите права, сместувајќи ја како најзначаен етичко-правен документ во епохата, а обработена е и етичката функција на човековите права. Во продолжение на лекцијата, експлицитно се внесени 29 членови од декларацијата за човековите права.

Во учебникот, речиси и да не се застапени содржини од **институционалниот аспект** на демократијата. Исклучок од ова е споменувањето на „владеењето на правото“ во контекст на еднаквоста на граѓаните и тоа дека „никој не е над правото, односно никој не се иззема од неговите прописи“ (2004: 278).

Во учебникот нема содржини кои се однесуваат на **граѓанското општество**, но има содржина која се однесува на поттикнување на граѓанска, односно етичка акција. На пример во лекцијата за „Правата на човекот“ има посебен дел кој пренесува порака за дејство на читателот и учесниците во образовниот процес. Таму, авторот сите права на човекот ги изедначува со „морални норми“ (2004:292). Повикот за акција се состои во афирмацијата на човековите права и

нивното персонално спроведување, а истиот е формулиран на следниов начин: *„Залагај се за човековите права! Објаснувај ги и бори се за нив! Спроведувај ги во своето однесување! Не прави ништо што би ги повредило правата на другиот! Постојано читај ги документите за човекови права на човеков, следи го нивниот развиток и дополнувања!“* (2004:292).

Покрај ова, во учебникот се забележуваат одредени контроверзни и дискриминаторски формулации поврзани со зависностите и заразните болести без да бидат земени предвид современите научни сознанија.



# 8. ФИЛОЗОФИЈА ЗА ЧЕТВРТА ГОДИНА ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ

**Наставната програма** за предметот филозофија за четврта година гимназиско образование (задолжителен предмет за сите образовни подрачја) датира од 2002 година, е организирана хронолошки и ги обработува главните филозофски дисциплини кај најзначајните филозофи или филозофски учења. Програмата не е многу детална и во неа речиси и да нема спомнување на содржини кои се однесуваат на анализираните три аспекти на демократијата (претставнички аспект, аспект на човекови права, институционален аспект) со исклучок на индиректното споменувањето на основните човекови права. За овој предмет беа анализирани два учебника:

- Филозофија за IV година реформирано гимназиско образование од Стефан Сидовски и Кирил Темков (2009) и
- Филозофија за IV година реформирано гимназиско образование од Бајрам Селмани (2009) година издадена на албански јазик.

### 8.1. Анализа на учебник: Филозофија за IV година реформирано гимназиско образование од Стефан Сидовски и Кирил Темков (2009).

Лекциите во учебникот по Филозофија на македонски јазик за 4-та година се организирани според историската хронологија и главно ги обработуваат главните филозофски дисциплини кај секој филозоф или филозофско учење. Оттука, елементите од **претставничкиот аспект на демократијата** како „демократски суверенитет“, „слободни и фер избори“, „политички партии“, „слободни медиуми“ итн., не се директно обработени. Наместо нив, можат да се забележат сродни области (категории) кои на некој начин алудираат на категориите коишто се предвидени како клучни за анализа на учебниците. Иако овие категории не се идеално поклопливи една со друга, сепак истите оставаат простор за интерпретација и аналогија со современите разбирања на овие категории. Така наместо „демократски суверенитет“, може да се забележи концептот на „суверенитет“, наместо „слободни и фер избори“, може да се забележи „парламентарен систем“, наместо „слободни медиуми“ може да се забележи „слободата на мислата и зборот“. На пример, „слободата на мислата и зборот“ (2009:263) претставуваат области кои алудираат на слободни медиуми и имаат потенцијал на час да се обработат од таа перспектива од страна на предавачот.

Понатаму, во учебникот има одредена индиректна застапеност на аспектот на **човекови права** иако тоа е релативно периферно и нецелосно. Така на пример, во лекцијата за Џон Лок, накратко, во еден параграф, се нафрлени некои од неговите погледи поврзани со општественото уредување. Оттука, изградбата на општеството треба да има за цел развивање на човековата слобода и човековите права: *„За општеството Лок смета дека треба да биде изградено разумно и со цел да ги развива човековите слободи и човековите права“* (2009:189). Понатаму, во лекцијата за Енциклопедистите, стои дека нововековната филозофска и научна мисла поттикнала развој и во општествениот домен со големи социјални и духовни промени. Тука се истакнува и француската револуција од 1789 година, како и нејзината Декларација за правата на човекот и граѓанинот, при што цитирани се нејзини делови кои се однесуваат на правата на човекот.

Конечно, во лекцијата *Современата мисла* (2009: 295), авторите како едно од постигнувањата во современиот свет, воедно и како една од промените, со позитивен тон, ја истакнуваат идејата за и практиката на човековите права.

Во учебникот нема директна обработка на **институционалниот аспект** на општеството, со исклучок на солидното објаснување на концептот за поделба на власта во лекцијата Монтескје. Иако нема директни содржини за владеењето на правото и доброто управување, во лекцијата за Џон Лок се забележува дека *„власта треба да е во служба на луѓето“* (2009: 189), додека во лекцијата за Барух де Спиноза се забележува дека *„демократија е кога државата им служи на граѓаните и тоа не со тоа што ќе им угодува, туку со тоа што ќе ги воспитува да бидат пред сѐ луѓе, да се обврзуваат и да бидат морални.“* (2009:201)

Конечно, во учебникот постои индиректна застапеност на концептот на **граѓанското општество**, но нема содржини за поттикнување на граѓанско учество. Во лекцијата Современата мисла (2009: 297), како дел од современиот свет, авторите прелистуваат голем дел на ефектуирани промени во светот и во општествата, каде меѓу другото се потенцира и воспоставувањето на демократијата како основен политички систем во поголемиот број држави во светот. Во таа насока, една од придобивките на демократијата е и невладиното дејствување. *„Основен политички систем стана демократијата (...) – се раѓаат идеи за натамошни демократски пробиви во самоуправата, регионалната организација, невладиното дејствување, директното политичко изјаснување за секое прашање итн.“* (2009: 297).

Во учебникот нема конзистентно **референцирање** со исклучок на одредени директни цитати од авторите кои се обработуваат каде под параграфот е внесено името и презимето на авторот и насловот на делото. Исто така, во учебникот нема библиографија.

### 8.2. Анализа на учебник: Филозофија за IV година реформирано гимназиско образование од Бајрам Селмани (2009) година - на албански јазик.

Во учебникот нема директна застапеност на елементите од **претставничкиот аспект на демократијата**, со исклучок на демократскиот суверенитет кој е периферно обработени во лекциите кои се однесуваат на Жан Жак Русо и Џон Лок. Исто така, нема застапеност на поимите „слободни и фер избори“, „политички партии“ и „слободни медиуми“, кои не се покриени во ниту еден домен, а поимите на демократијата се појавуваат првично во лекциите кои се однесуваат на античкиот период на филозофијата, делумно со критика кон демократијата кај Сократ и Платон, делумно со пофалби кај Аристотел.

Во овој учебник речиси и да не е застапен аспектот на **човекови права**, со исклучок на лекцијата за Барух де Спиноза каде се наведува дека демократијата е најдобрата форма на организација на општеството и дека истата на најдобар начин ги заштитува човековите слободи и права. Слична ваква индиректна застапеност постои и во лекцијата за Џон Стјуарт Мил каде се спомнува дека *„Државата треба што помалку да ги ограничува иницијативите, правата, мислењата и интересите на луѓето.“* (2009:98).

Слично како и во претходниот учебник, **институционалниот аспект** на демократијата е застапен само во делот на начелото за поделба на власта, додека нема содржини кои се однесуваат на владеењето на правото или пак начелата за добро владеење.

Конечно во учебникот има директна застапеност на содржини кои се однесуваат на **граѓанското општество**, но нема содржини кои поттикнуваат граѓанска акција и учество кај учениците. Така на пример, во лекцијата за Адам Смит и економскиот либерализам, еден дел се однесува на поимот на граѓанското општество, дефинирано како „граѓански поредок" и според учебникот тој „поредок" одговара целосно на природата на човекот да живее и да мисли. *„Во полето на политиката, либерализмот го воздигнува граѓанскиот поредок како природен поредок, според тоа, поредок кој одговара на човековата природа и разум"* (2009:98).

**Во споредба со учебникот на македонски јазик**, во овој учебник лекциите се пократки, без графички елементи, илустрации и без теми за размислување и дискусија кои ги има во учебникот на македонски јазик. Исто така, во книгата на македонски јазик учениците имаат можност да се информираат за дополнителна литература преведена на македонски јазик, додека во книгата на албански јазик нема такви информации за дополнителна литература.



## ДОПОЛНИТЕЛНИ НАОДИ ОД ИНТЕРВЈУАТА И ФОКУС ГРУПИТЕ

Во овој дел ќе бидат сумарно презентирани дел од наодите од интервјуа со професорите кои ги предаваат предметите и со **претставниците од образовните институции** кои беа предмет на анализа, како и од фокус групите со учениците. Како што беше наведено во методологијата, интервјуата и фокус групите беа направени за да се добијат основни информации за текот на наставниот процес. Овие наоди треба да служат како основа за идни подетални истражувања за начинот и квалитетот на спроведување на наставата и пренесување на демократските вредности.

Може да се забележи дека покрај наставните содржини, улогата на **наставниот кадар** е клучна за пренесување на демократските вредности. Притоа, интересно е да се забележи дека дури и во исти училишта постојат големи разлики во задоволството на учениците од различни професори и начинот на кој тие ги предаваат наставните содржини. Онаму каде што професорите се ангажирани и проактивни, учениците се стимулирани да учествуваат во часовите и да дискутираат, при што и самото пренесување на демократски содржини е несомнено подобро. Во овие случаи, професорите користат дополнителни материјали, се служат со практични примери и дискутираат занимливи општествени теми, при што учениците се поттикнати да размислуваат и да формираат свои ставови.

Од друга страна, **учениците** истакнуваат дека постојат примери каде што професорите „повеќе чекаат да заврши часот и од учениците" при што наставата е монотона и во тие случаи учениците единствен стимул за учениците е учењето за оценка. Исто така, дел од учениците се пожалија дека понекогаш во текот на предавањата може да се забележат партиските определби на наставниците, додека дел од интервјуираните професори забележаа дека понекогаш нивни колеги имаат застарени ставови, кои може да претставуваат проблем во пренесувањето на демократски вредности. Конечно, беше истакнато дека училишните раководства и педагошки служби имаат ограничени можности да влијаат врз работата на оние професори кои недоволно се вложуваат во наставата, бидејќи најголем дел од нив се трајно вработени и не постои механизам за поттик или санкција кој би влијаел на нивното однесување и професионализам.

Слична е состојбата и со **надворешниот надзор на наставата**, од страна на Бирото за развој на образованието, кое, исто така, има ограничени капацитети и не може да врши доволно опсежен надзор врз работата на наставниците и спроведувањето на наставните програми.

Од спроведените фокус групи забележителен беше интересот на учениците за граѓански и општествени содржини, при што дел од учениците истакнаа дека би сакале да имаат и повеќе содржина за тоа како функционира државата, кои се нивните права и обврски, а забележан беше и интерес и за компаративните политички системи во светот и подетално политичко образование. Потребата за повеќе вакви содржини, според учениците, произлегува од тоа дека со полнолетството тие стекнуваат политички права и општествени обврски за кои училишниот систем не ги подготвува доволно, па тука освен правото на глас ги истакнаа дека би било добро да ги знаат и своите граѓански

права и одговорности во други сфери како плаќањето даноци, учеството во сообраќајот и слично. Учениците, исто така, забележаа дека дополнителните училишни и вон-училишни активности претставуваат добра основа за учење на демократски и граѓански вредности, при што учениците од скопската гимназија ги истакнаа иницијативите и натпреварите во кои дел од нив учествувале како добар пример кој треба да се следи и во иднина.

Покрај ова, наодите (од интервјуата и фокус групите) укажуваат дека и покрај тоа што согласно со Законот за учебници за основно и средно образование, сите ученици, без разлика на наставниот јазик, треба да учат од еден учебник, во пракса сè уште има примери каде во различни училишта се учи по различен учебник. Исто така, има примери каде што постои евидентен недостаток на учебници при што не сите ученици ги имаат добиено учебниците. Ова ги принудува професорите да ја приспособат наставата и да предаваат од презентации или со диктирање. Иако користењето на дополнителни наставни содржини може значајно да придонесе кон подобрување на наставата, не е јасно дали и колку овие алтернативни наставни материјали се во согласност со наставните програми и содржини изложени во учебниците. Дополнително, изгледа дека овој проблем е особено изразен во наставата на други наставни јазици (албански и турски), бидејќи таму достапноста на учебници е уште помала, а и таму каде што се достапни, професорите се жалат на низок квалитет на преводот што ги прави практично неупотребливи. Како што беше прикажано во примерот со двата учебника по филозофија каде се утврдија разлики меѓу содржините во двата учебници постои нееднаков пристап до содржините, кој треба подетално да се истражи и адресира во иднина.

Дополнително, наодите од фокус групите ги потврдија претходно цитираните податоци за ниското граѓанско учество кај младите, како и наодите од анализата на наставните содржини во кои се утврди дека содржините не поттикнуваат граѓанско учество. Повеќето ученици укажаа дека не се граѓански активни и дека не можат да влијаат во решавање на проблемите во нивната локална заедница. Од друга страна, искуствата со ученичко учество се поделени, па така учениците кои доаѓаат од скопската гимназија истакнаа дека се многу задоволни од функционирањето на ученичката заедница, која е гласна и проактивна во застапување на интересите на учениците и остварува добра соработка со раководство на училиштето, додека учениците од другите две училишта не укажаа дека тоа е случај во нивните училишта.

Конечно, интервјуираните претставници од институциите, истакнаа дека се свесни за недостатоците во постоечките наставни содржини и истакнаа дека очекуваат дека донесувањето на новиот закон за средно образование ќе ја отвори вратата за нова концепција за средното образование слична на онаа за основно образование која е веќе донесена. Сепак тие предупредија дека кај наставниот кадар постои одреден отпор кон посериозни реформи, како и дека постои страв од губење на постоечките фондови на часови кои ги имаат професорите.

И покрај тоа што голем дел од овие наоди треба да бидат дополнително истражени за да се утврди распространетоста и обемот на елаборираните појави, истите треба да бидат земени предвид при развивањето на идни наставни концепти во средното образование. Иако реформата е повеќе од неопходна, истата треба да биде внимателно осмислена за да обезбеди одржливи решенија и еднаков пристап до наставните содржини за сите ученици без разлика на наставниот јазик или етничка припадност.

# ЗАКЛУЧОЦИ

Целта на оваа студија беше да се утврди застапеноста и начинот на кој демократските вредности се претставени во наставните содржини во средното образование. Од приложеното може да се заклучи дека наставните програми и учебници се во голема мера несоодветни и застарени поради што наставниците често предаваат со помош на дополнителни наставни материјали (презентации, наставни листови, диктиран материјал и слично).

Од анализираните наставни програми и учебници може да се забележи дека постои делумна застапеност на содржини кои ги рефлектираат современите демократски вредности. Голем дел од анализираните демократски концепти се изоставени или само индиректно спомнати, при што учениците не добиваат доволно едноставна и прецизна слика за значењето и улогата на анализираните демократски елементи.

**Претставничкиот аспект на демократијата**, во споредба со другите аспекти е подетално претставен, при што во речиси сите учебници има содржини за демократскиот суверенитет, но недостасуваат подиректни содржини кои ќе ја објаснат врската меѓу анализираните елементи и значајноста на слободните и фер избори и слободни медиуми.

Аспектот на **човекови права** е, исто така, делумно застапен, при што недостигаат содржини за универзалниот и неделив карактер на човековите права и за меѓународните конвенции кои ги гарантираат човековите права. Особено загрижува фактот дека овој аспект речиси и да не е воопшто застапен во наставните содржини по предметите Вовед во правото и Право и државно уредување.

**Институционалниот аспект** на демократијата е само делумно застапен, но повторно не постојат доволно директни содржини кои ќе ја објаснат улогата и значењето на принципите на поделба на власта и владеењето на правото. Од друга страна принципите на добро владеење се застапени само во наставните содржини по Граѓанско образование, а ги нема во ниту една од другите наставни содржини.

Понатаму, во речиси во сите анализирани учебници постојат застарени содржини, непостоечко или неконзистентно референцирање, а неретки се и примерите на субјективно и тенденциозно пренесување на одредени демократски и научни концепти од страна на авторите. Ова е спротивно на основните начела за академско пишување и го става под прашалник и академскиот интегритет на авторите. Покрај тоа, како што беше посочено, постојат и примери на дискриминаторски содржини, односно содржини кои поттикнуваат предрасуди и стереотипи.

Исклучок од овие заклучоци претставува наставниот материјал по предметот Граѓанско образование за прва година средно стручно образование и делумно програмата и учебниците по социологија за четврта година. Овие два предмета имаат целосна и квалитетна застапеност на анализираните елементи на демократијата од сите три аспекти. Дополнително, наставниот материјал по граѓанско образование изобилува и со други современи и

релевантни содржини кои се едноставно прикажани и лесно разбирливи и претставува навистина добар пример кој треба да биде следен и во иднина при подготовката и изработката на наставни содржини по другите предмети од општествените науки.

Понатаму, во речиси во сите анализирани учебници постојат застарени содржини, непостоечко или неконзистентно референцирање, а неретки се и примерите на субјективно и тенденциозно пренесување на одредени демократски и научни концепти од страна на авторите. Ова е спротивно на основните начела за академско пишување и го става под прашалник и академскиот интегритет на авторите. Покрај тоа, како што беше посочено, постојат и примери на дискриминаторски содржини, односно содржини кои поттикнуваат предрасуди и стереотипи.

Конечно, оваа анализа покрај тоа што ги анализираше наставните содржини, забележа постоење на повеќе проблеми кои треба дополнително да бидат анализирани во некои идни студии. Вакви проблеми се недостатокот на учебници, низок квалитет и слаба достапност на учебници на албански и на турски јазик, недоволна ангажираност на дел од професорите, како и недоволен надзор врз спроведувањето на наставата и наставните содржини. Исто така, забележителни се варијации во начинот на кој се пренесуваат демократските содржини во паралелките на македонски и на албански јазик, кои треба дополнително да се истражат и соодветно да се адресираат.

## ПРЕПОРАКИ

**Нова програма за средно гимназиско образование**
Потребна е целосно нова програма за средното гимназиско образование, со цел да се следат современите образовни текови и да се обезбеди подобра интеграција и континуитет на содржините кои се изучуваат во основното и во средното образование. Новите наставни содржини треба да бидат подготвени низ инклузивен процес базиран на докази кој ќе придонесе кон вклучување на современи демократски содржини и ќе поттикне ученичко организирање и активно граѓанско учество. Ваквиот процес треба да биде воден од Министерството за образование и наука и Бирото за развој на образованието со помош на работна група на домашни и странски образовни експерти и научници од областа на општествените науки, при што Министерството за образование и наука ќе треба да обезбеди адекватни услови и финансирање, во соработка со меѓународни организации и донатори.

**Граѓанско образование за сите ученици**
Потребно е воведување на граѓанско образование како задолжителен предмет за сите ученици во средното образование по теркот и програмата по која сега се учи овој предмет во средното стручно четиригодишно образование. Ова значи дека истата програма треба да им се понуди и на учениците во гимназиите и во тригодишното стручно образование. Програмата и наставните содржини за овој предмет на директен и квалитетен начин ги обработуваат демократските вредности и поттикнуваат граѓанско учество. Затоа овој предмет треба да биде задолжителен во наставниот план за сите ученици во средното образование, бидејќи секој ученик е граѓанин со граѓански права и обврски, вклучително и правото на глас со кое секој ќе се стекне со своето полнолетство. Ако граѓанските права се универзално достапни за сите, универзално достапно треба да биде и граѓанското образование кое ќе придонесе кон поинформирано и поодговорно практикување на граѓанските права и обврски согласно со демократските вредности анализирани во оваа студија. Дополнително, изучувањето на овој предмет во прва година средно образование ќе обезбеди континуитет за учениците кои претходно изучуваат слични содржини во финалните две години од нивното основно образование.

**Ревидирање на наставните содржини**
Согласно со анализираните наставни содржини, забележителна е потребата од ревидирање на наставните програми, како и подготовка на нови учебници. Наставните програми треба да бидат подготвени низ поширок инклузивен процес, а позитивниот пример со програмата и водичот за Граѓанско образование (2021) треба да биде земен како добра пракса и да служи како патоказ за подготовка на идните програми по анализираните предмети. Дополнително, новите наставни програми треба да бидат подетално напишани, со цел предметните наставници да имаат повеќе содржински и педагошки насоки за тоа како да ја вршат наставата и како да изградат соодветни граѓански компетенции кај учениците.

Потребно е делумно ревидирање на содржините по предметот социологија и подготовка на нови учебници. Земајќи предвид дека постојат големи сличности и преклопувања во наставните содржини за предметите социологија за втора

и трета година, како и фактот дека содржината по предметот социологија за четврта година иако е една од најквалитетните од аспект на демократски вредности, како изборен предмет за подрачјето ОХ-Б е најчесто недостапна за најголем дел од учениците, потребно е ревидирање на содржините и реорганизирање на распоредот на часови. На пример, споменатото изучување на граѓански образование во прва година може да го замени изучување на социологијата во втора година, додека содржините за трета и четврта година да бидат задолжителни за сите општествено хуманистички насоки. Ова ќе овозможи што поголем број на ученици со афинитети кон општествените науки да имаат пристап до социолошки содржини. Покрај тоа, потребна е подготовка на нови учебници каде што изучуваните феномени ќе бидат обработени врз база на квалитетна странска литература која ги рефлектира современите општествени текови.

Потребно е целосно ревидирање на содржините по предметите Вовед во правото и Право и државно уредување и подготовка на нови учебници. Имајќи предвид дека во овие два учебника воопшто не се обработуваат содржини за човекови права, а наспроти тоа истите изобилуваат со анахрони формулации кои се надминати во современите општествени науки, потребно е целосно ревидирање на овие содржини. Новите учебници треба пред сè да бидат приспособени на интересите и капацитетите на учениците и треба да изградат нов современ пристап кон правото, кое треба да се третира како благородна наука за заштита на човековите права и слободи.

Потребно е целосно ревидирање на содржините по предметите Филозофија и Етика и подготовка на нови учебници. Сегашниот концептот на врз база на кој е создадена програмата по Филозофија за IV-та година гимназиско образование се повикува на историската димензија на филозофијата и лекциите се организирани врз база на историско-хронолошкиот развој. Од аспект на пренесувањето на демократски вредности, дисциплинско-проблемски ориентираната програма и учебник по предметот филозофија би вклучувала поголема можност за обработка на современи општествени концепти како што се демократијата и нејзините варијации. Исто така, потребна е ревизија на програмата и учебникот по Етика и заменување на дискриминаторските содржини со содржини кои ќе поттикнуваат инклузија и толеранција на различностите.

**Поттикнување на ученичко организирање и граѓанско учество**
Демократијата најдобро се учи кога се практикува, па оттука учениците треба да бидат поттикнати да се организираат и активно да учествуваат во функционирањето на училиштата и локалните заедници. Дополнително, земајќи го предвид ниското граѓанско учество кај младите, како и ниската доверба во институциите, потребно е наставните содржини да поттикнуваат граѓанско учество низ примери на успешен граѓански активизам, волонтерство и општествено корисна работа. Во овој контекст училиштата треба да остварат подобра соработка со постоечките граѓанските иницијативи и организации за да им ги доближат можностите за граѓанско учество на учениците.

**Квалитетни и достапни учебници за сите!**
Потребно е да се обезбеди еднаква и навремена достапност на учебниците за сите наставни јазици, со квалитетен превод и јазична редакција. Во услови на променлив квалитет кај наставниот кадар како што е случај во земјава, учебниците играат клучна улога во унифицирање на наставните содржини и обезбедување на оптимални образовни стандарди. При подготовка на учебниците треба да бидат земени предвид академските стандарди за етика и интегритет кои ќе овозможат објективно и научно поткрепено пренесување на содржините. Квалитетни и достапни учебници за секој ученик може да поттикнат интерес кај учениците и да им помогнат во нивната идна професионална ориентација.

**Континуирано стручно усовршување на наставниот кадар и внесување на алтернативни методи во наставата**
Потребно е да се обезбеди унифициран квалитет во спроведувањето на наставните содржини преку континуирани обуки за наставниот кадар. Стручното усовршување треба да биде спроведено преку ефективна соработка на Бирото за развој на образованието со педагошките факултети и другите академски институции во земјата, како и во соработка со граѓанските и меѓународните организации кои работат во областа на образованието. Посебен фокус треба да се стави на примената на современи интерактивни методи во наставата која ќе овозможи учениците активно да учествуваат преку активна дискусија, истражување и пишување. Исто така, наставниците треба да се поттикнат да вклучуваат алтернативни содржини во наставата, како содржини од интернет, филмови, гостински предавања, научни поткасти и слично, со цел поттикнување на интересот и мотивацијата кај учениците и градење позитивен однос кон учењето и знаењето. Конечно, важно е да се привлече и задржи квалитетниот кадар во средното образование преку обезбедување на достојни плати и можност за кариерен напредок.

**Континуирано следење на спроведувањето на наставните содржини**
Покрај потребата од стручно усовршување, потребно е да се обезбеди и континуирано следење на наставните содржини со цел обезбедување на унифициран квалитет во спроведувањето на наставните содржини. Оваа ќе овозможи детектирање на потенцијалните проблеми во реално време и ќе им даде можност на надлежните навремено да реагираат. Ваквото следење треба да го води Бирото за развој на образованието со поддршка граѓанските организации, преку редовни анкети со ученици и наставен кадар, како и преку поредовни контроли во училиштата. Дополнително, бидејќи наодите од оваа студија укажуваат на варијации во квалитетот на наставата на различни наставни јазици, потребно е специфично внимание да се посвети на овој аспект од наставата, со цел сите ученици, без разлика на етничката припадност да добиваат квалитетно образование во кое соодветно ќе бидат пренесени демократските вредности кои беа предмет на анализа во оваа студија.

# БИБЛИОГРАФИЈА


- Бајалџиев, Д., Мицајков, М., Тасковска, Д. (2009). Вовед во правото за трета година гимназиско образование. Скопје: Просветно дело
- Галевски, М. (2019). Социополитичко учество на младите во Северна Македонија: апатија, оптимизам или разочараност. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.
- Галевски, М. (2021). Социо-политичко учество на младите во Северна Македонија: Лет во место. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.
- Галевски, М. и Ѓорѓиовска, Ј. (2020). Младинско политичко отсуство. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.
- Ѓорѓиовска, Ј. и Галевски, М. (2020). Социополитичко учество на младите во Северна Македонија: Нееднаквост, неизвесност и различни очекувања. Скопје: Фондација за демократија на Вестминстер.
- Група автори (2021). Граѓанско образование за средно стручно образование - Водич за наставници. Скопје: Македонски центар за граѓанско образование.
- Евросимовски, (2023). Македонските ученици со драстично полоши резултати на новото ПИСА тестирање, остануваат меѓу најслабите во регионот. Скопје: Радио МОФ.
- Куцуловска Р., Сотироска, В., Грнчаревски, В. (2021). Право и државно уредување за прва година на средното стручно образование. Скопје: Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија.
- Мислење на КЗСД по претставка бр. 0801-172/13 од 23.12.2021. Достапно на: https://kszd.mk/wp-content/uploads/2022/01/0801-172-%D0%BE%D0%B4-23.12.21-Se-utvrduva-voznemiruvanje.pdf
- Наставна програма за Етика за II година реформирано гимназиско образование (2002). Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието.
- Наставна програма по Граѓанско образование за средното стручно образование (2019). Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието.
- Наставна програма по Право и државно уредување (2019). Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието.
- Наставна програма по Социологија за втора година реформирано гимназиско образование (2002). Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието.
- Наставна програма по Социологија за трета година реформирано гимназиско образование (2002). Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието.
- Наставна програма по Социологија за четврта година реформирано гимназиско образование (2002). Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието.
- Наставна програма по Филозофија за IV година реформирано гимназиско образование (2002). Скопје: Министерство за образование и наука, Биро за развој на образованието.
- Сидовски, С., Темков, К. (2009). Филозофија за IV година реформирано гимназиско образование. Скопје: Просветно дело.

- Стојаноски, Н., Ѓуровска, М., Матевски, З. (2002, II издание 2009 година). Социологија за втора година реформирано гимназиско образование. Скопје: Просветно дело.
- Стојаноски, Н., Ѓуровска, М., Матевски, З. (2004). Социологија за трета година реформирано гимназиско образование. Скопје: Просветно дело.
- Стојаноски, Н., Матевски, З., Угриновски, К., (2005). Социологија за четврта година за реформирано гимназиско образование, Скопје: Просветно дело.
- Темков, К. (2004). Етика за II година гимназиско образование. Скопје: Просветно дело.
- Топузовска, Лактовиќ, М., Борота Поповска, М., Серафимовска, Е. Цекиќ, А. Старова, Н. (2019). Студија за млади во Северна Македонија 2018/2019. Скопје: Фонда- ција Фридрих Еберт – Скопје.
- Трајкова - Костовска, Г. и Мирчев, Д. (2002, дополнето издание 2020 година). Социологија за II година реформирано гимназиско образование. Скопје: Македонска искра.
- Трајковски, И., Крстески, Т., Петрушевски, З. (2005). Социологија за четврта година реформирано гимназиско образование. Битола: Гоцмар.
- Угриновски, К., и Крстевски, Т. (2004, дополнето издание 2020). Социологија за III година реформирано гимназиско образование. Скопје: Македонска искра
- Dudley, R. L., & Gitelson, A. R. (2002). Political literacy, civic education, and civic engagement: A return to political socialization?. Applied Developmental Science, 6(4), 175-182.
- Hess, D., & Avery, P. (2008). Discussion of controversial issues as a form and goal of democratic education. The SAGE handbook of education for citizen-ship and democracy, 506-518.
- OECD – Programme for International Student Assessment (PISA). Достапно на: https://www.oecd.org/pisa/
- OHCHR. What is good governance? Достапно на: https://www.ohchr.org/en/good-governance/about-good-governance#:~:text=Key%20attributes%20of%20good%20governance&text=transparency,the%20needs%20of%20the%20people)
- Print, M. (2012). Teacher Pedagogy and Achieving Citizenship Competences in Schools. In Schools, Curriculum and Civic Education for Building Democratic Citizens (pp. 113-128). Rotterdam: SensePublishers.
- Schulz, W., Ainley, J., Fraillon, J., Losito, B., Agrusti, G., & Friedman, T. (2018). Becoming citizens in a changing world: IEA International Civic and Citizenship Education Study 2016 international report. Springer Nature.
- Selmani, B., (2009). Filozofia për vitin IV të gjimnazit të reformuar (Botimi II). Shkup: Prosvetno Delo ShA.
- Torney-Purta, J., Lehmann, R., Oswald, H., & Schulz, W. (2001). Citizenship and education in twenty-eight countries: Civic knowledge and engagement at age fourteen. IEA Secretariat, Herengracht 487, 1017 BT, Amsterdam, The Neth-erlands.
- Van Ham, K. (2020). Electoral Integrity. In Rohrschneider, R., & Thomassen, J. (Eds.) The Oxford handbook of political representation in liberal democracies. Oxford University Press.

# ПРИЛОЗИ

## Прилог 1: Анализа на застапеноста на демократски содржини по учебници

**1. Социологија за втора година гимназиско образование**
1.1. Анализа на наставна програма
Година на наставна програма: 2002 година

| Претставнички аспект | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Демократски суверенитет | има |
| Слободни и фер избори | има |
| Политички партии | има |
| Слободни медиуми | нема |

| Аспект на човекови права | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Основни права (I генерација) | нема |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | нема |
| Колективни права (III генерација) | нема |
| Универзалност и неделивост | нема |

| Институционален аспект | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Поделба на власта | нема |
| Владеење на правото | нема |
| Начела на добро владеење | нема |

| Граѓанска партиципација | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Граѓанско општество / учество | нема |
| Поттикнување акција кај учениците | нема |

1.2 Социологија за II година реформирано гимназиско образование, од Гордана Трајкова – Костовска и Димитар Мирчев (2002, обновено издание 2020 година)
Анализа на содржина на учебник

| Претставнички аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Демократски суверенитет | има | директно |
| Слободни и фер избори | има | индиректно |
| Политички партии | има | директно |
| Слободни медиуми | има | индиректно |
| Локална самоуправа | има | индиректно |
| ЕУ | има | директно |

| Аспект на човекови права | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Основни права (I генерација) | има | индиректно |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | има | индиректно |
| Колективни права (III генерација) | има | индиректно |
| Универзалност и неделивост | има | индиректно |

| Институционален аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Поделба на власта | има | директно |
| Владеење на правото | има | индиректно |
| Начела на добро владеење | нема | |

| Граѓанска партиципација | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Граѓанско општество / учество | има | индиректно |
| Поттикнување акција кај учениците | има | индиректно |

1.3 Социологија за втора година реформирано гимназиско образование од Нелко Стојановски, Милева Ѓуровска и Зоран Матевски (2002, обновено издание 2009 година).
Анализа на учебник

| Претставнички аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Демократски суверенитет | има | индиректно |
| Слободни и фер избори | нема | |
| Политички партии | има | директно |
| Слободни медиуми | нема | |

| Аспект на човекови права | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Основни права (I генерација) | има | директно |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | има | директно |
| Колективни права (III генерација) | има | директно |
| Универзалност и неделивост | нема | |

| Институционален аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Поделба на власта | има | индиректно |
| Владеење на правото | нема | |
| Начела на добро владеење | нема | |

| Граѓанска партиципација | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Граѓанско општество / учество | има | индиректно |
| Поттикнување акција кај учениците | нема | |

**2. Предмет: Социологија за трета година гимназиско образование**
2.1 Анализа на наставна програма
Година на наставна програма: 2002 година

| Претставнички аспект | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Демократски суверенитет | има |
| Слободни и фер избори | нема |
| Политички партии | има |
| Слободни медиуми | има |

| Аспект на човекови права | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Основни права (I генерација) | нема |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | нема |
| Колективни права (III генерација) | нема |
| Универзалност и неделивост | нема |

| Институционален аспект | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Поделба на власта | нема |
| Владеење на правото | нема |
| Начела на добро владеење | нема |

| Граѓанска партиципација | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Граѓанско општество / учество | нема |
| Поттикнување акција кај учениците | нема |

2.2 Социологија за III година реформирано гимназиско образование, Ксенофон Угриновски и Трајан Крстевски (2004, дополнето издание 2020).
Анализа на учебник

| Претставнички аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Демократски суверенитет | има | директно |
| Слободни и фер избори | има | индиректно |
| Политички партии | има | директно |
| Слободни медиуми | има | индиректно |

| Аспект на човекови права | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Основни права (I генерација) | има | директно |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | има | директно |
| Колективни права (III генерација) | нема | |
| Универзалност и неделивост | нема | |

| Институционален аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Поделба на власта | има | индиректно |
| Владеење на правото | нема | |
| Начела на добро владеење | нема | |

| Граѓанска партиципација | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Граѓанско општество / учество | има | индиректно |
| Поттикнување акција кај учениците | нема | |

2.3. Социологија за трета година реформирано гимназиско образование од Нелко Стојаноски, Милева Ѓуровска и Зоран Матевски (2004 година).
Анализа на учебник

| Претставнички аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Демократски суверенитет | има | индиректно |
| Слободни и фер избори | има | индиректно |
| Политички партии | има | директно |
| Слободни медиуми | има | индиректно |

| Аспект на човекови права | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Основни права (I генерација) | има | директно |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | има | индиректно |
| Колективни права (III генерација) | нема | |
| Универзалност и неделивост | нема | |

| Институционален аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Поделба на власта | нема | |
| Владеење на правото | нема | |
| Начела на добро владеење | нема | |

| Граѓанска партиципација | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Граѓанско општество / учество | има | директно |
| Поттикнување акција кај учениците | нема | |

**3. Социологија за IV година гимназиско образование**
3.1 Анализа на наставна програма
Година на наставна програма: 2002

| Претставнички аспект | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Демократски суверенитет | има |
| Слободни и фер избори | има |
| Политички партии | има |
| Слободни медиуми | има |

| Аспект на човекови права | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Основни права (I генерација) | има |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | има |

| Аспект на човекови права | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Колективни права (III генерација) | има |
| Универзалност и неделивост | има |

| Институционален аспект | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Поделба на власта | има |
| Владеење на правото | има |
| Начела на добро владеење | нема |

| Граѓанска партиципација | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Граѓанско општество / учество | има |
| Поттикнување акција кај учениците | нема |

3.2 Социологија за четврта година за реформирано гимназиско образование од Нелко Стојаноски, Зоран Матевски и Ксенофон Угриновски (2005). Анализа на учебник

| Претставнички аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Демократски суверенитет | има | директно |
| Слободни и фер избори | има | директно |
| Политички партии | има | директно |
| Слободни медиуми | има | директно |

| Аспект на човекови права | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Основни права (I генерација) | има | директно |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | има | директно |
| Колективни права (III генерација) | има | директно |
| Универзалност и неделивост | има | директно |

| Институционален аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Поделба на власта | има | директно |
| Владеење на правото | има | директно |
| Начела на добро владеење | нема | |

| Граѓанска партиципација | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Граѓанско општество / учество | има | директно |
| Поттикнување акција кај учениците | нема | |

3.3 Социологија за четврта година реформирано гимназиско образование од Ило Трајковски, Трајан Крстески и Зоран Петрушевски (2005).
Анализа на учебник

| Претставнички аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Демократски суверенитет | има | директно |
| Слободни и фер избори | има | директно |
| Политички партии | има | директно |
| Слободни медиуми | има | директно |

| Аспект на човекови права | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Основни права (I генерација) | има | директно |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | има | директно |
| Колективни права (III генерација) | нема | |
| Универзалност и неделивост | има | директно |

| Институционален аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Поделба на власта | има | директно |
| Владеење на правото | има | директно |
| Начела на добро владеење | нема | |

| Граѓанска партиципација | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Граѓанско општество / учество | има | директно |
| Поттикнување акција кај учениците | нема | |

**4. Вовед во правото за трета година гимназиско образование**
4.1 Анализа на наставната програма

| Претставнички аспект | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Демократски суверенитет | нема |
| Слободни и фер избори | нема |
| Политички партии | нема |
| Слободни медиуми | нема |

| Аспект на човекови права | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Основни права (I генерација) | нема |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | нема |
| Колективни права (III генерација) | нема |
| Универзалност и неделивост | нема |

| Институционален аспект | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Поделба на власта | нема |
| Владеење на правото | има |

| Институционален аспект | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Начела на добро владеење | нема |

| Граѓанска партиципација | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Граѓанско општество / учество | нема |
| Поттикнување акција кај учениците | нема |

4.2 Вовед во правото за трета година гимназиско образование од Димитар Бајалџиев, Миодраг Мицајков и Добринка Тасковска (2009).

| Претставнички аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Демократски суверенитет | има | директно |
| Слободни и фер избори | има | директно |
| Политички партии | има | индиректно |
| Слободни медиуми | нема | |

| Аспект на човекови права | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Основни права (I генерација) | нема | |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | нема | |
| Колективни права (III генерација) | нема | |
| Универзалност и неделивост | нема | |

| Институционален аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Поделба на власта | има | директно |
| Владеење на правото | има | директно |
| Начела на добро владеење | нема | |

| Граѓанска партиципација | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Граѓанско општество / учество | има | директно |
| Поттикнување акција кај учениците | нема | |

**5. Право и државно уредување (за прва година стручно правен и економска насока)**
5.1 Анализа на наставна програма

| Претставнички аспект | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Демократски суверенитет | има |
| Слободни и фер избори | има |
| Политички партии | има |
| Слободни медиуми | има |

| Аспект на човекови права | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Основни права (I генерација) | нема |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | нема |

| Аспект на човекови права | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Колективни права (III генерација) | нема |
| Универзалност и неделивост | нема |

| Институционален аспект | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Поделба на власта | има |
| Владеење на правото | има |
| Начела на добро владеење | нема |

| Граѓанска партиципација | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Граѓанско општество / учество | нема |
| Поттикнување акција кај учениците | нема |

5.2 Право и државно уредување за прва година на средното стручно образование, од Радмила Куцуловска, Викторија Сотироска и Владимир Грнчаревски (2021). Анализа на учебник

| Претставнички аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Демократски суверенитет | има | индиректно |
| Слободни и фер избори | има | индиректно |
| Политички партии | има | индиректно |
| Слободни медиуми | нема | |
| Ограничена власт | има | директно |

| Аспект на човекови права | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Основни права (I генерација) | има | индиректно |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | нема | |
| Колективни права (III генерација) | нема | |
| Универзалност и неделивост | нема | |

| Институционален аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Поделба на власта | има | директно |
| Владеење на правото | има | директно |
| Начела на добро владеење | нема | |
| Ограничена власт | има | директно |

| Граѓанска партиципација | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Граѓанско општество / учество | нема | |
| Поттикнување акција кај учениците | нема | |

**6. Граѓанско образование за прва година стручно образование**
6.1 Анализа на наставна програма
Година на наставна програма: 2019

| Претставнички аспект | Застапеност (има/нема) |
| --- | --- |
| Демократски суверенитет | има |
| Слободни и фер избори | има |
| Политички партии | има |
| Слободни медиуми | има |
| Локална самоуправа | |

| Аспект на човекови права | Застапеност (има/нема) |
| --- | --- |
| Основни права (I генерација) | има |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | има |
| Колективни права (III генерација) | нема |
| Универзалност и неделивост | нема |

| Институционален аспект | Застапеност (има/нема) |
| --- | --- |
| Поделба на власта | има |
| Владеење на правото | има |
| Начела на добро владеење | има |
| Јавен интерес | има |
| Корупција / непотизам | има |

| Граѓанска партиципација | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Граѓанско општество / учество | има |
| Поттикнување акција кај учениците | има |

6.2 Граѓанско образование за средно стручно образование - Водич за наставници (2021)

| Претставнички аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Демократски суверенитет | има | директно |
| Слободни и фер избори | има | директно |
| Политички партии | има | директно |
| Слободни медиуми | има | директно |
| Децентрализација / ЛС | има | директно |

| Аспект на човекови права | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Основни права (I генерација) | има | директно |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | има | директно |
| Колективни права (III генерација) | | |
| Универзалност и неделивост | има | директно |
| Мултикултурализам | има | директно |
| Конвенции / Универзална декларација за ЧП | има | директно |

| Институционален аспект | Застапеност | |
| --- | --- | --- |
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Поделба на власта | има | директно |
| Владеење на правото | има | директно |
| Начела на добро владеење | има | директно |
| Отсуство на корупција | има | |
| ЕУ | има | |

| Граѓанска партиципација | Застапеност | |
| --- | --- | --- |
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Граѓанско општество / учество | има | директно |
| Поттикнување акција кај учениците | има | директно |

**7. Етика за втора година гимназиско образование**
7.1 Етика за II година гимназиско образование од Кирил Темков (2004).
Анализа на учебник

| Претставнички аспект | Застапеност | | Точност |
| --- | --- | --- | --- |
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) | |
| Демократски суверенитет | има | директно | |
| Слободни и фер избори | нема | | |
| Политички партии | нема | | |
| Слободни медиуми | нема | | |

| Аспект на човекови права | Застапеност | | Точност |
|---|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) | |
| Основни права (I генерација) | има | директно | |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | нема | | |
| Колективни права (III генерација) | нема | | |
| Универзалност и неделивост | нема | | |

| Институционален аспект | Застапеност | | Точност |
|---|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) | |
| Поделба на власта | нема | | |
| Владеење на правото | има | директно | |
| Начела на добро владеење | нема | | |

| Граѓанска партиципација | Застапеност | | Точност |
|---|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) | |
| Граѓанско општество / учество | нема | | |
| Поттикнување акција кај учениците | има | директно | |

**8. Филозофија за четврта година гимназиско образование**
8.1 Анализа на наставна програма
Година на наставна програма: 2002

| Претставнички аспект | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Демократски суверенитет | нема |
| Слободни и фер избори | нема |
| Политички партии | нема |
| Слободни медиуми | нема |

| Аспект на човекови права | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Основни права (I генерација) | има |
| Колективни права (III генерација) | нема |
| Универзалност и неделивост | нема |

| Институционален аспект | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Поделба на власта | нема |
| Владеење на правото | нема |
| Начела на добро владеење | нема |

| Граѓанска партиципација | Застапеност (има/нема) |
|---|---|
| Граѓанско општество / учество | нема |
| Поттикнување акција кај учениците | нема |

8.2 Филозофија за IV година реформирано гимназиско образование од Стефан Сидовски и Кирил Темков (2009).
Анализа на учебник

| Претставнички аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Демократски суверенитет | нема | |
| Слободни и фер избори | нема | |
| Политички партии | нема | |
| Слободни медиуми | нема | |

| Аспект на човекови права | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Основни права (I генерација) | нема | |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | нема | |
| Колективни права (III генерација) | нема | |
| Универзалност и неделивост | нема | |

| Институционален аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Поделба на власта | има | директно |
| Владеење на правото | нема | |
| Начела на добро владеење | нема | |

| Граѓанска партиципација | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Граѓанско општество / учество | има | индиректно |
| Поттикнување акција кај учениците | нема | |

8.3 Филозофија за IV година реформирано гимназиско образование од Бајрам Селмани (2009) година – на албански јазик.
Анализа на учебник

| Претставнички аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Демократски суверенитет | има | директно |
| Слободни и фер избори | нема | |
| Политички партии | нема | |
| Слободни медиуми | нема | |

| Аспект на човекови права | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Основни права (I генерација) | нема | |
| Социо-економски и културни права (II генерација) | нема | |
| Колективни права (III генерација) | нема | |
| Универзалност и неделивост | нема | |

| Институционален аспект | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Поделба на власта | има | директно |
| Владеење на правото | нема | |
| Начела на добро владеење | нема | |

| Граѓанска партиципација | Застапеност | |
|---|---|---|
| | (има/нема) | (директно/ индиректно) |
| Граѓанско општество / учество | има | директно |
| Поттикнување акција кај учениците | нема | |

## Прилог 2: Информации за интервјуа и фокус групи

**Профил на интервјуирани лица:**

Државен советник во Министерство за образование и наука

Поранешен Министер за образование

Советник во Бирото за развој на образованието

Експерт за образовни политики од граѓанскиот сектор

Професор по вовед во правото во скопска гимназија

Професор по филозофија во скопска гимназија

Професор по социологија во скопска гимназија

Професор по филозофија во гимназија надвор од Скопје

Професор по социологија во гимназија надвор од Скопје

Професор по граѓанско образование во средно стручно училиште

Вкупно 8 жени и 2 мажи.

**Профил на учесници во фокус групи:**

Фокус група во скопска гимназија – 11 ученици (6 мажи, 5 жени)

Фокус група во гимназија надвор од Скопје (спроведена на албански јазик) – 16 (4 мажи, 12 жени)

Фокус група во средно стручно училиште во Скопје – 12 ученици (9 мажи – 3 жени)

Вкупно 39 ученици (19 мажи, 20 жени)